# УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”-СКОПЈЕ

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

Институт за безбедност, одбрана и мир

Постдипломски студии – мир и развој


## МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**ТЕМА: Конфликтот во Босна и Херцеговина и процесот на разоружување и реинтеграција**


**Ментор:**

**Проф.д-р Ванчо Кенков**

**Изработил:**

**Трајковски Роберт**



**Скопје 2013 год.**

# С О Д Р Ж И Н А


Вовед стр.3-5

ГЛАВА I

1. Политичка состојба и причини за конфликтот
1.1 Поимно определување на терминот конфликт стр.7-12
1.2 Политичката состојба пред почетокот на конфликтот стр.13-17
1.3 Почетоците на конфликтот стр.18-20
1.4 Текот на конфликтот стр.21-28

ГЛАВА II

2. Улогата на меѓународната заедница во БиХ
2.1 Интервенција на меѓународната заедница стр.30
2.2 Улогата на меѓународната заедница стр.31-35
2.3 Дејтонскиот мировен договор стр.36-42
2.4 Мисија СФОР (сили за стабилизација) стр.43-44

ГЛАВА III

3. Разоружување и реинтеграција
3.1 Процесот на разоружување во БиХ стр.46-56
3.2 Процесот на реинтеграција во БиХ стр.57-68
3.3 Последици-проблеми од конфликтот стр.69-71
3.4 Пост-конфликтна правда стр.72-74
3.5 Улогата на медиумите во известувањето за конфликтните настани, разоружувањето и реинтеграцијата стр.75-77

Кратенки стр.78-79

Прилози стр.80-83

Заклучок стр.84-88

Библиографија стр.89-92

# ВОВЕД

Од половината на 80-тите години на XX век па наваму, светот се наоѓа во состојба на интензивни превирања и крупни општествени, политички, економски и военостратегиски промени, кои пред тоа не можеа ни да се замислат. Сите промени, вклучувајќи ги и промените во воено-политичките односи меѓу водечките светски сили, како во глобални така и во регионални рамки, пројавуваат силни влијанија врз меѓународната, воено-политичка и безбедносна позиција на Европа и светот.

Во рамките на промените во глобалните воено-политички односи, посебно место и значење има завршувањето на Студената војна во 80-тите години од минатиот век, како резултат на Спогодбата на САД и СССР, за начелно усогласено снижување на прагот на нивната општа и воена конфронтација[1].

Политичките потреси и промени кои се случија ги зафатија земјите од Источна и Југоисточна Европа, вклучувајќи го и Балканот.

При крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од минатиот век, како израз и последица на длабока економска, политичка и општа криза на тие општества доведе до целосно распаѓање на реалсоцијализмот како општествен поредок преку политички превирања, социјални немири, разгорени националистички страсти и сепаратистички тенденции, особено во повеќенационалните држави како што беа Советскиот Сојуз, Чехословачка и СФР Југославија, чиј краен резултат беше распаѓање и фрагментација на Советскиот Сојуз како држава, распаѓање на Варшавскиот договор како воено-политичка организација на дел од социјалистичките држави, распаѓање и фрагментација на поранешна Југославија, проследено со вооружени судири и конфликти во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Наспроти тоа се одвиваа и напоредни интеграциони процеси на разновидни нивоа на општествено организирање меѓу коишто најзабележителни ефекти на меѓународната сцена предизвикаа обединувањето на Германија, промовирањето на Европската Унија и нејзината заедничка надворешна и

[1] Центар за стратегијске студије.(1998): Заедничка изјава Михајла Горбачова и Роналда Регана са совјетско-америчког састанка на врху у Москви"Преглед",Београд,стр.471-483

безбедносна политика и појава на нови самостојни држави како меѓународни субјекти.

Конфликтите во Европа во 90-тите години од XX век воглавно произлегуваа од внатрешните превирања на државите, а во практиката се појавуваат разновидни конфликти кои траат подолго и се пренесуваат од една на друга генерација. Таквите конфликти се карактеристични за најголемиот број на региони во светот, а меѓу нив е и Балканот со неговата непосредна околина и тоа како еден од регионите со висок интензитет на конфликтност.

Балканот претставува крстосница на разни големодржавни проекции со територијални претензии во сите насоки, за создавање на етнички чисти и големи држави. Претходната фаза е создавање на одделни етнички чисти парадржави како резултат на манипулација со народот и злоупотреба на правото за самоопределување. За остварување на такви големодржавни проекти, ќе биде потребно којување против сите правила на меѓународното воено право: убивање заробени и ранети борци, масовно протерување или физичка ликвидација на цивилното население, огромни материјални разурнувања и загадувања на природната околина.

Вооружените судири на Балканот од 1991 до 1995 година укажуваат на реалната опасност од нов вид конфликти, профилирани од позиција на големодржавните воени доктрини. Подготовките за овој вид конфликт започнуваат со тотална шовинистичка индоктринација на сопствениот народ, програмирана од страна на „големи" национални водачи и идеолози, кај кои освојувањето или задржувањето на власта е предоминантно во однос на прокламираните национални интереси.

Ирационалната суштина на екстремниот национализам содржи национална исклучивост, шовинистички однос и обезвреднување на другите народи, со нарцисоидно преувеличување на сопствената нација, како: најинтелигентна, најкултурна, најстара, единствено автохтона на просторите, најголема, од небо дадена, значајна за цел свет, а истовремено историски најобесправена и перспективно најзагрозена.

Вооружените пресметки во Хрватска и БиХ започнаа за спорните Авнојски републички граници на поранешна Југославија.

Босна и Херцеговина несомнено од 1991-1998 година беше во центарот на светското внимание. Конфликтот како главна причина на толкавото внимание беше долготраен, суров, со големи уништувања на луѓе и материјални добра. Несреќата и злото се најчеста асоцијација на конфликтот во БиХ, тоа подразбира: етничко чистење, масовни гробници, цивилни жртви, силување, урбицид, средновековни опсади, суровост, хуманитарна катастрофа, немоќ на меѓународната заедница, омраза (национална и верска).

Конфликтот во БиХ во основа се водеше за завземање на територии, кои потоа етнички се чистеа, со протерување или физичка ликвидација на луѓе од друга нација или религија.

Не беше лесно да се прифати решавање на локален конфликт со вооружена интервенција на ОН. Меѓутоа катастрофалните последици од таквите конфликти не дозволуваа друга солуција, за да се спречи меѓусебното уништување на народите и загрозувањето на меѓународниот мир.

Настојувањето да се разреши конфликтот во БиХ, кој имаше длабоки и долги корени во минатото со Дејтонската спогодба понуди решенија кои за првпат се применуваат во практиката во решавањето на конфликтите.

Босанскиот конфликт[2] на современата меѓународна заедница и подари " нова теорија и практика " односно синтагмите етничко чистење и етничко истребување. Овие старонови изрази (за балканските историски рамки) означуваа една убиствена практика за насилна национална хегемонизација проследена со елиминација[3], на непожелни национални малцинства.

Конфликтот во БиХ заврши без победник, сите се поразени страни, најмногу настрада цивилното население.

---

[2] Војната во БиХ е општо прифатен назив за меѓународен воен судир на подрачјето на БиХ, поопширно во Enciklopedija Vikipedia.

[3] Протерување,убивање

# ГЛАВА I

# 1. Политичка состојба и причини за конфликтот

## 1.1 Поимно определување на терминот конфликт

Конфликтот[4] ќе го дефинираме како ситуација во која еден субјект е ангажиран во свесно спротивставување на друг субјект во меѓународната заедница, бидејќи тие имаат спротивни цели.

Тој претставува феномен којшто предизвикува одредени општествени промени, а под конфликт најчесто се подразбира општествен процес во кој страните (поединец, групи), меѓусебно си отежнуваат или оневозможуваат во остварување на одредени цели.

Конфликтот помеѓу поединци или групи може да доведе до физичко насилство, а помеѓу народи до судир од различит интензитет[5].

Со цел претходната дефиниција да биде посеопфатна конфликтот според воената дефиниција претставува "користење вооружена сила од страна на воените сили на две или повеќе држави или помеѓу држава и њамалку една организирана вооружена група и како последица на воените дејства во текот на една година има најмалку 10 загинати или 100 повредени лица".[6]

Можеме да констатираме дека конфликтот е мошне комплексна појава која тешко може прецизно да се дефинира во една општоприфатлива универзална дефиниција. Во овој контекст, неопходно е да потенцираме дека најприфатлива варијанта на дефинирање на конфликтот би била дефиницијата што ги обединува сите суштински аспекти на конфликтот.

Во неа неминовно треба да бидат вградени трите компоненти на конфликтот: страните во конфликтот, конфликтното однесување и конфликтните интереси.

---

[4] Ортаковски В. ( 1999 ) : Разрешување и трансформација на конфликтите,стр.187
[5] Socioloski leksikon. (1982): Savremena administracija-Beograd,str.133
[6] SIPRI http://www.sipri.se/international conflikt

Според Сандол[7] по своите карактеристики конфликтот претставува динамичен конфликтен процес, составен од фази на иницирање, ескалација, контролирано одржување, стивнување и разрешување.

Конфликтот може да има пет основни фази:

а) Фаза на појава на непријателствата;

б) Фаза на почеток на непријателствата;

ц) Фаза на завршување на непријателствата;

д) Фаза на оспорување и

е) Фаза на решение.

Во фазата почеток на непријателствата се реализираат почетните цели на конфликтот и таа може да доведе до ескалација на употребените воени средства. При крај на Април 1993 година судирот помеѓу Бошњаците и Хрватите ескалира во тотален судир, кој беше предизвикан од падот на Сребреница како и веста дека ќе треба да примат над десетина илјади бошњачки бегалци од тоа подрачје, при што се егзекутирани околу 120 цивили во село Ахмиќи[8] меѓу кои жени, деца и стари лица, што претставува најголем злочин во Бошњачко-Хрватскиот конфликт.

Конфликтот[9] може да се дефинира како перцепција за различните позиции во однос на проблемот помеѓу две или повеќе страни истовремено, заеднички именител вграден во дефиницијата на конфликтот без оглед на културата на поединците и на групите, на културните средини, најчесто е асоциран со зборовите: борба, лутина, болка, војна, правење лошо, тепање, убивање и слично.

---

[7] Sandole D. (1983): Etnic conflict resolution in New Europe: A case for an integrated systems approach, vo Balazs J. and Wiberg H. (ed): Peace Research for the 1990's

[8] Село во централна Босна населено со Бошњаци во хрватско опкружување

[9] Подетално кај P.Wallensteen : Understanding Conflikt Resolution War, Peace, and Global System; ( London: Sage Publishing,2002 ) str.29

Конфликтите гледани низ призмата на загрозување на националната безбедност се делат на надворешени, глобални и внатрешни.

Надворешните и внатрешните конфликти можат уште да се поделат на вооружени, комбинирани и невооружени.

Во внатрешните вооружени облици на безбедноста спаѓаат:

- граѓански конфликти,
- вооружена побуна и
- тероризам од масовни размери.

Граѓанските конфликти во себе ја вклучуваат примената на насилство за остварување на целите кои би можеле да се остварат на друг начин ( ненасилен).

Според причините, содржините и учесниците, конфликтите можат да бидат: психолошки, физиолошки ( или биолошки ) социолошки и конфликти кои произлегуваат од :

- ограничени ресурси,
- недозволени базични потреби,
- различните вредности,
- спротивставените интереси,
- стереотипите и др.

Страни во конфликтот се поединци или групи што се директни учесници во конфликтот. Во секој конфликт мора да учествуваат најмалку две спротивставени страни, а се случува да има и повеќе.

Во зависност од тоа кои се страните во конфликтот, постојат: интерперсонални, интергрупни и интрагрупни.

Конфликтот претставува мошне комплексен феномен на човечката интеракција, феномен кој најчесто го следат мошне депресивни поими, како што се: „долга битка или судир„ спротивставеност на меѓусебно исклучувачки импулси, желби и тенденции, а честопати претставува и „синоним„ за војна и насилство. Важен елемент кој ги објаснува конфликтите се перцепциите и мисперцепциите како и стереотипите преку кои конфликтот добива и субјективни димензии.

Конфликтот е речиси унивезално виден како негативна појава, како закана за највиталните човечки и општествени вредности, тој како сенка го следи човекот во текот на целиот период на историскиот развој, од најстари времиња па се до денес.

Каде што се пројавувале конфликтите луѓето биле убивани, удирани, затворани, измачувани, протерувани, претепувани, разделувани или нивната единствена „грешка„ или „грев„ била таа што се разликувале од другите според однапред „проектирани„ факти и големи нешта.

Конфликтите и нивната разорна моќ ја одбележуваат епохата на современата човечка цивилизација, наплатувајќи го секојдневно огромниот данок во крв.

Конфликтот има свое минато, сегашност и иднина, односно секој конфликт има свој животен циклус, речиси како да е нешто живо, органско.

Конфликтот се создава, се појавува, потоа достигнува свој емоционален, а честопати насилен климакс, за потоа да се намами, да „исчезне„ и често повторно да се појави.

Најилустративен пример и потврда за оваа законитост на конфликтите претставуваат граѓанските конфликти кои кога еднаш ќе се појават, со определени прекини може да траат со векови, затоа се најопасни и најнепредвидливи, секогаш знаат да изненадуваат како вулканска ерупција[10].

Денес меѓународната заедница се соочува со многу поширок ранг на закани кои произлегуваат од современите конфликти и тоа:
регионални конфликти, војни за ресурси, сепаратистички или националистички конфликти, иредентистички конфликти, етничка и религиозна борба за моќ, револуционерни и фундаменталистички борби, продемократски и антиколонијални борби.

---

[10] Забелешка: Граѓанските - етнички конфликти имаат 50 отсто повисока веројатност да се реактивираат во првите пет постконфликтни години ( во постконфликтни општества ), во споредба со општества кои не биле зафатени од злосторствата на овој вид конфликти.

Конфликтот претставува постојана содржина на меѓународните односи, истиот се анализира од неколку аспекти:

- Потенцијал-внатрешна ранливост на државата, произлегува од нејзината внатрешна структурираност и потенцијалите за манифестирање на насилен конфликт;
- Потенцијално загрозување на националната безбедност - форма на надворешна закана;
- Меѓународен конфликт – предизвик и закана за меѓународниот конфликт.

Развојни нивоа на конфликтот според Мичел се:
- зачеток на конфликтот,
- латентен конфликт и
- манифестен конфликт.

Животниот циклус на конфликтот може да се подели на три последователни фази: пред насилство, за време на насилство и по насилството, како и трите компоненти на конфликтот: страните во конфликтот, конфликтното однесување и конфликтните интереси.

Конфликтите се случуваат кога две или повеќе страни сметаат дека нивните интереси се инкомпатибилни, кога изразуваат непријателски ставови, односно кога се обидуваат своите интереси да ги остваруваат преку акции со кои им нанесуваат штета на другите страни.

Тригерите претставуваат непосредни настани кои го поттикнуваат ( забрзуваат ) разгорувањето на конфликтот – ненадеен катализатор или иницијален настан.

Секој конфликт е резултат на постоење на определен проблем односно несогласување помеѓу страните кои учествуваат во конфликтот.

За да се реши определениот кофликт – потребно е да се реши постојниот проблем, односно да се надмине несогласувањето помеѓу страните.
Разрешувањето на конфликтите може да биде вистинско и/или привидно.

Внатрешен судир е оној “вооружен судир што го водат антогонистички општествени групи ( класни, национални, политички, социјални, етнички, верски, племенски и др. ) во една држава”.

Можеме да констатираме дека вооружените побуни претставуваат еден од најопасните извори за загрозување на безбедноста на државите и “критична маса” за избувнување на современите граѓански конфликти.

Кога насилниот конфликт се наоѓа во фазата на решавање, во тој политички процес страните меѓусебно треба да се приспособуваат, за да постои јасна претстава кај страните и кај претставниците, за т.н. пост-конфликтна правда.
Основните елементи на пост-конфликтната правда се:

а) Јавната безбедност како непосредна пост-конфликтна цел.
б) Рехабилитација на судскиот систем.
в) Основање казнени системи, вклучително сигурни и функционални затвори.

Осомничените за воени злосторства, геноцид и злосторства против хуманоста, треба да бидат изведени пред лицето на правдата, без што изгледите за траен мир и за национално помирување битно ќе се намалат. Пожелно е да се создаде механизам[11] што ќе ја координира вкупната пост-конфликтна меѓународна помош за цивилната полиција, судската рехабилитација и затворската администрација.

[11] Види поопширно во: Post-Conflikt Justice: The Role of International Communiti. Vantage Conference 1997, The Stanley Foundation, Muscatine,p.9-28

## 1.2 Политичката состојба пред почетокот на конфликтот

Распаѓањето на комунистичкиот блок во Источна Европа на почетокот од 90-тите години на XX век беше проследено со бурни настани и многубројни конфликти, а ова беше особено видливо на територијата на поранешна Југославија, каде во процесот на распаѓање на државата како творба од шест републики се случија вооружени судири. Конфликтот во Босна и Херцеговина која во тоа време беше дел од федерацијата Југославија започна во 1992 година. Ова беше конфликт кој го означи најкрвавиот период во Европа по Втората светска војна.

Конфликтот во БиХ е тесно поврзана со распадот на Југославија, каде комунизмот се повеќе ја губеше идеолошката сила пред наездата на националистичката и сепаратистичката идеологија на крајот од 1988 и почетокот на 1989 година, посебно во Србија и Хрватска, потоа во БиХ, а во помала мера и во Словенија.

Со доаѓањето на Слободан Милошевиќ на власт во Србија, кој својот пат го започна со националистичка идеологија и поставувајќи се за водач на Србите на Косово во 1989 година, за остварување на својата цел исценира неколку процеси, кои доведоа до превземање на власта во Војводина и Црна Гора, а подоцна и на Косово.

На 14-ти конгрес на СКЈ на 20.01.1990 година, Милошевиќ за првпат ја употреби својата доминација за обструкција на повеќе амандмани, кои словенечките претставници во сојузниот парламент се обидоа да ги спроведат. Конгресот резултираше со дебакл и напуштање на делегатите од Словенија и Хрватска што можеше да се окарактеризира и како почеток на распадот на Југославија. Продлабочувањето на кризата им овозможи на националните опции да дојдат на власт, меѓу кои најмногу доаѓа до израз Фрањо Туѓман, кој се јавува како пандан на Милошевиќевата националистичка политика.

Словенија и Хрватска по кратко време го започнуваат процесот на осамостојување и прогласување на независност, кои водат во вооружен судир. На првите слободни демократски избори во БиХ во Ноември 1990 година победија три национални партии и тоа: СДА, СДС и ХДЗ, (СДА – Странка демократске акције, СДС – Српска демократска странка, ХДЗ – Хрватска демократска заједница).

Партиите ја поделија власта по национален клуч, за претседател на претседателство е избран Бошњак, за претседател на собрание Србин, а за претседател на влада Хрват.

За овој период карактеристично е словенечкото прогласување на независноста на 26.06.1991 година и нападот на ЈНА во Словенија од страна на ТО. По ова следеа и судирите помеѓу ЈНА и МУП -ЗНГ на Хрватска.

Она што се случи на Босанска територија беше резултат на националистичките побуди на српските, хрватските и муслиманските лидери кои го урнаа идеалот за мултиетничка држава како резултат на нивните идеи за етнички чисти држави на Балканот.

ЈНА ја икористи територијата на БиХ како “отскочна даска” за воени операции во Книнска Краина и во Славонија, а собранието на БиХ на ова реагира со донесување на акт за реафирмација на суверeноста на Република БиХ, донесена е одлука за неиспраќање на регрути и резервен состав во ЈНА.

Српската демократска партија започнува со воспоставување на тнр.српски автономни области ( САО ).

Србите гласаат и свој референдум за самостојна Српска република, додека Хрватите прогласуваат тнр. Хрватска заедница на Посавина во Босански Брод, а во Грудама е прогласена Хрватска заедница – Херцег Босна.

### 1.2.1 Историја на конфликтот

Таквите идеи за чисти држави особено на тлото на Балканот каде низ историјата се измешани различни народи и етнички групи не значеше ништо друго туку екстремно насилство и конфликти од огромни размери.

Различноста на територијата на Босна и Херцеговина се огледаше во тоа што во рамките на републиката живееја три различни етнички групи со различна религиска вероисповест. БиХ ја прогласи својата независност со декларација за независност во 1992 година, која беше бојкотирана од страна на етничките Срби од БиХ поддржани од Србија, настан кој го разгори насилството во БиХ и ги разгори националистичките страсти кај сите три етнички групи, Србите од една страна и Хрватите и Босанските муслимани од друга страна. Подоцна судирот се разгорува помеѓу сите три етнички групи и прераснува во етнички конфликт со огромен број на жртви и геноцид.

Меѓународната заедница повеќе од три години беше само набљудувач на конфликтот без да интервенира и покрај барањата за интервенција на многубројните хуманитарни организации, медиумите и дипломатите на некои земји. Во тоа време се чинеше дека ООН не беше способна да ги запре насилствата врз цивилното население и покрај тоа што сили на ОН беа лоцирани во Сараево, каде беше базата за мисијата на ОН во Хрватска.

И покрај тоа што силите на ОН беа свесни за масовно кршење на човековите права на територијата на БиХ, сепак не презедоа некакви позначајни активности, освен воспоставување на трибунал во Хаг 1993 година, формиран од страна на Советот за Безбедност на ОН, како и воведување на ембарго за Србија, додека светската организација непоколебливо остана неутрална без вмешување на воени трупи во хаосот во Босна.

Ваквата неутралност на ОН и ЕУ и даде на Србија уште поголема сила во остварувањето на националистичките планови.

Настанот кој беше пресуден за акција на меѓународната заедница во Босна беше масакрот во Сребреница т.н. безбедносна зона на ОН, во која Србите масакрираа околу 8.000 муслимани.

Овој настан беше пресуден за реакцијата на САД, кои под закрила на НАТО започнаа воена интервенција против српските сили, кои после неколкумесечно бомбардирање од страна на НАТО беа принудени да се согласат на мировен договор кој беше потпишан во Дејтон – САД, од страна на лидерите на босанските муслимани, претседателот на Хрватска и претседателот на Србија Слободан Милошевиќ.

Договорот предвидуваше поделба на БиХ на српски дел (република Српска) и на муслиманско – хрватски дел.[12]

Страните се согласија за прекин на огнот како и повлекување на мисијата УНПРОФОР од Босна, а на нејзиното место воспоставување на НАТО силите ИФОР ( сили за имплементација ) , кои една година подоцна беа заменети со СФОР ( сили за стабилизација ).

Паралелно со силите на НАТО, ООН воспостави цела цивилна мисија чиј мандат беше до 31 Декември 2002 година, после што мисијата на ОН во БиХ беше превземена на 1 Јануари 2003 од Полициската мисија на ЕУ ( ЕУПМ ).

[12] Center for Balkan Development. History of the War in Bosnia 1996.

### 1.2.2 Причини за конфликтот

Причини поради кои започнува еден конфликт можат да бидат најразлични. Најчесто до конфликт доаѓа кога и двете страни имаат спротивставени мислења за исти прашања.

Конфликтите кои се појавија како резултат на распаѓањето на Југославија во 90-тите години од 20-ти век, беа оценети како најкрвави по Втората светска војна.

Во БиХ ситуацијата беше сложена поради фактот што во конфликтот беа вмешани три различни етнички и религиозни групи и тоа: хрвати-католици, срби-православни и бошњаци-муслимани. Според тоа конфликтот во Босна и денес од страна на меѓународните аналитичари е различно окаректеризиран.

Едни сметаат дека тоа беше меѓународен конфликт поради фактот што Босна штотуку ја имаше прогласено својата независност, а за време на конфликтот освен босанската армија беа инволвирани и армиите на Хрватска и на тогашна Југославија.

Други пак сметаа дека конфликтот во Босна беше чисто етнички судир помеѓу трите заедници кои живееја во Босна. Според мое мислење базирано на истражувањето за конфликтот во БиХ, сметам дека конфликтот беше меѓународен во кој беа вмешани три различни држави, од кои две се надеваа дека ќе припојат одредени делови од Босна кон своите веќе постоечки држави. Конфликтот помеѓу Хрватите и Бошњаците беше завршен со посредство на трета страна, односно САД. Една година подоцна под притисок на меѓународната заедница главно САД и ЕУ и медијација на трета страна, конфликтот беше завршен со потпишување на Дејтонскиот договор во Ноември 1995 година.

## 1.3 Почетоците на конфликтот

Една од причите за конфликтот во БиХ беше уништувањето на село Равно, во Источна Херцеговина, населено со Хрвати во српско опкружување во Декември 1991 година. По овој напад Хрватите организираат одбрана , ХВО ( "Хрватско вијеќе обране") и креирање на Хрватска Република - Херцег Босна. Селото беше уништено во воените операции на ЈНА и црногорските резервисти поради освојувањето на Дубровник.

Од есента 1991 до почетокот на конфликтот, ширум БиХ доаѓа до бројни инциденти, резервниот состав од Србија и Црна Гора при движењето низ БиХ често пати предизвикува инциденти, манифестирани со отворање на оган кон цивилното население и нивно заплашување.

Исто така и референдумот за независност на БиХ беше причина за конфликтот. Тој траеше од 29.02.1992 година до 01.03.1992 година, истиот беше покренувач на непријателствата од причина што 62,7% од муслиманските и хрватските бирачи гласаа за независност на БиХ и нејзино излегување од СФРЈ, додека Србите воопшто не излегоа на референдумот.

Како одговор на референдумот, српските паравоени единици во време од 1-ви до 5-ти Март подигнаа барикади во Сараево и во други градови, по што следеа низа вооружени судири во Босански Брод, Горажде, Купрес, Мостар и Дервента, така да судирите од почетокот на Април 1992 година се прошируваат низ цела БиХ.

Како повод за отпочнувањето на вооружените судири во БиХ се зема и убиството на старосватот Никола Гардовиќ на 01.03.1992 година на српската свадба на башчаршија во Сараево, каде припадникот на Зелени беретки Рамиз Делалиќ - Чело со пиштол го усмрти таткото на младоженецот и го рани свештеникот на Српската православна црква Раденко Миковиќ.

Овој настан се смета за еден од поводите за почетокот на судирите во Сараево.

На почетокот на месец Април 1992 година во Сараево и пошироко во БиХ се појавуваат антивоени протести. За време на протестите српски снајперисти од хотелот Holidey Inn пукаат на граѓаните.

Воените судири во БиХ почнуваат пред службениот почеток на конфликтот ( 06.04.1992 година ), кога е нападнато Сараево, овие судири можеме да ги сметаме за предпочеток на конфликтот.

Самиот конфликт започнува во период од 01 - 04.04.1992 година во Бијељина, со вооружен судир помеѓу Аркановата српска гарда и патриотската лига[13].

Операцијата во Бијељина имаше двојна задача:

1.Бијељина ( регионот на Семберија ) е комуникациски значајна, од која зависат двата правци:

- северно босанскиот ( посавскиот ) кој води према босанска и книнска краина и
- источно босанскиот ( дринскиот ) правец;

2.Мерки кои беа превземани се: бруталност, медиско покривање, парадна среденост и докажана опременост кои имаа за цел застрашување на босанско – херцеговското население.

[13] Муслиманска формација на Бошњаците во БиХ

### 1.3.1 Улогата на паравоените сили во конфликтот во БиХ

Паравоените единици имаат значајна улога во конфликтот во БиХ и се смета дека истите ја започнаа војната со своите вооружени акции.

Воените дејства на паравоените формации се манифестираа со: подигање на барикади, вооружен судир помеѓу паравојските во гратските средини, застрашување, убивање и протерување на цивили, исто така тие ги започнаа подготовките неоходни за подоцнежно одвивање на конфликтот.

На територијата на БиХ дејствуваа повеќе паравоени единици од сите три етнички групи[14] .

На 31 Март 1992 година паравојните сили под раководство на Аркан и по наредба на Јовица Станишиќ[15] ја преминуваат српско-босанската граница и ја напаѓаат Бијељина, што често се зема за почеток на конфликтот во БиХ.

Аркановите тигри се разместуваат во повеќе населби со значаен број на несрпско население, меѓу кои се Бијељина и Зворник. Во сите тие места со сила е остварена доминација на Србите, а голем дел од муслиманското население е убиено или протерано. Во тој расчекор на Аркановците им се приклучува и Милорад Улемек – Легија, подоцна осуден како организатор на убиството на Зоран Ѓинѓиќ. Аркановци во БиХ ќе делуваат се до крајот на конфликтот.

“За бруталноста на Аркан во Бијељина известуваа дури и високи офицери на ЈНА. Аркан и неговите 50 луѓе стојат зад сите злосторства во тој град. Всушност во Бијељина Аркан ја утврди својата репутација на “неограничена бруталност” како што рече застапникот на тужбата **Dermot Gru.**

---

[14] Зелени беретки и Патриотска лига(муслиманска формација); Araканови тигрови, Бели орлови и Шкорпиони (српска формација); Абдиќеви добровољци ( приклонети на српската страна); Ловац (хрватска формација) и др;

[15] Директор на службата за државна безбедност на Србија

## 1.4 Текот на конфликтот

Распадот односно несогласувањата во СФРЈ започнаа во 1990 година, кога не се постигна договорот за составување на федералната влада.

Србите сакаа централизирана федерација како би ја задржале доминантната улога во Југославија, додека Словенија, Хрватска и БиХ сакаа лабава конфедерација, како би можеле да уживаат во поголема автономија.

Претседателите на БиХ Алија Изетбеговиќ и на Македонија Киро Глигоров понудија предлог за асиметрична конфедерација, но предлогот не наиде на разбирање кај Фрањо Туѓман и Слободан Милошевиќ, така да и тој обид пропадна. Словенија и Хрватска од една страна, а Србија и Црна Гора од друга страна не се откажуваа од своите максималистички цели.

На крајот од низата неуспешни средби и преговори на претседателите на поранешните Југословенски републики, Словенија и Хрватска прогласија независност на 25.06.1991 година, а од самото прогласување на независноста на Словенија и Хрватска беше јасно дека во остатокот од тогашна Југославија повеќе нема место ни за БиХ.

Во тоа време ЈНА беше преобликувана во српска војска и беше ставена во функција за создавање на голема Србија во рамките на централизирана Југославија, смалена Југославија или проширена Србија. Српскиот политички и воен врв настојуваше сојузните држави да ги задржи во Југославија во што не успеа.

Набргу после прогласувањето на независноста на Словенија и Хрватска започнува конфликтот во Словенија, потоа во Хрватска, а подоцна и во БиХ во 1992 година.

Конфликтот во БиХ започна како последица на судир помеѓу Хрватите, Србите и Бошњаците. Во БиХ ситуацијата беше сложена поради фактот што во конфликтот беа вмешани три различни етнички и религиозни групи и тоа: хрвати-католици, срби-православни и бошњаци-муслимани.

Конфликтот се разгорува помеѓу сите три етнички групи и прераснува во етнички конфликт. Српската страна имаше намера да овладее со територијата на БиХ во што покус временски период, со што сразмерно превзеде нападни дејства ангажирајќи ги ЈНА и српските паравоени формации. Првенствена задача беше да се овладее со главниот град и завземање на сите државни институции во него.

За релизација на планот беа подигнати барикади од српските сили со намера да се пресечат комуникациите. Патриоската лига од другата страна одговара со подигање на контрабарикади, чистење на градското јадро и воспоставување на внатрешна комуникација.

Потоа српските сили започнуваат со дејство на артилеријата по самиот град, при опсадата на Сараево на позициите на околните брда имаше околу 450 артилериски орудија од сите можни калибри, 120 тенкови, 200 оклопни транспортери и повеќе против-авионски топови. Единиците на ЈНА со продор сакаа да го завземат централното градско подрачје и претседателството на Република БиХ, при што во жесток судир истите се отфрлени.

Потоа доаѓа до заробување на претседателот Изетбегобиќ на Сараевскиот аеродром, истото попладне босанските сили ја опколуваат касарната на ЈНА во центарот на Сараево, што резултира со посредство на **УНПРОФОР**[16] и е договорена размена на Изетбеговиќ за командантот на 2.воена област генерал Милутин Кукањац.

Покрај борбите за Сараево, српските сили се насочуваат и према течението на река Дрина, пресекување на комуникацијата БиХ - Санџак и започнуваат со "етничко чистење" на босанското население од сливот на реката, на потегот од Бијељина до Фоча.

---

[16] Унпрофор е акроним за "Unites Nations Protection Forces" ( Сили за заштита на ОН ), формирани се на 21.02.1992 година со резолуција 743 на Советот за безбедност, а се распустени на 31.03.1995 година.

Српските сили завзедоа повеќе населени места меѓу кои: Бијељина, Зворник, Вишеград и Фоча, додека Сребреница и Горажде се одбранија.

Следна задача беше овладување на текот на реката Сава и подрачјето на Посавина, воспоставување на сигурен коридор кон западните делови на БиХ ( Бањалучка и Добојска регија ), како и краините во Хрватска кои по копнен пат би биле поврзани со Србија. За оваа цел беа ангажирани силни оклопно-механизирани и пешадиски единици.

За овој период е карактристично политичкото мешање во воениот исход на операциите, по што доаѓа до повлекување на хрватските сили од Босанска Посавина и следи српско завземање на тој дел од БиХ.

Борбите продолжуваат за јужниот дел на Посавина што доведува до паѓање на Босански Шамац, Брчко, Дервента, Модрича, Оџак и Босански Брод. [17].

На Дубровачко-Херцеговачкото воиште силите на ЈНА бележат успеси, со што го отсекоа југот на Хрватска и го држеа Дубровник во опкружување, намерата на ЈНА беше да се отсече Мостар од Југ, па водејќи борби на правецот Столац - Чапљина – Метковиќ, да овладее со Источниот брег на Неретва, делтата на Неретва и да се избие на море.

Српските сили во офанзивата ( 24 -28.04.1992.) успеваат да овладеат со Источниот дел на Мостар и да се пробијат до Чапљина. Тука се сопрени со интервенција на Хрватската војска и се потиснати Источно од Столац. Во борбите е ослободен левиот брег на Неретва во Мостар и ЈНА е потисната во Подвележје.

---

[17]Истите ги завземаат српските сили

### 1.4.1 Операција Бура

По запирањето на Хрватско-Муслиманските судири во БиХ и со потпишувањето на Вашингтонскиот договор, Хрватите започнаа со подготовките за операцијата бура, со експертиза и логистика на САД[18].

Соработката помеѓу Хрватските и Американските разузнавачки служби започна откако Хрватска и даде на американската служба 500 кг руски подводни мини и најмодерни руски торпеда, како и дешифрирачки кодови користени помеѓу Руската и Југословенската војска.

Ова оружје е транспортирано во САД преку Сплитскиот воен аеродором. Хрватската страна исто така ја откри локацијата на фабриката за производство на хемиско оружје во Бијело поље во близина на Мостар.

Ова беше само почеток на соработката, бидејќи веднаш потоа САД и испорача на Хрватска системи за прислушкување и надгледување на територијата на Србија и Црна Гора, со помош на кои можеа истовремено да се снимаат 20.000 телефонски разговори.

Воодушевен од операцијата "Блесок"[19], претседателот на САД Бил Клинтон даде согласност за почетокот на операцијата "Бура"[20]. САД беа

---

[18] MPRI (*Military Professional Resources Incorporated*).

[19] **Операција Блесок** е воено-полициска акција која ја спроведоа хрватски те воени, паравоени и полициски сили на 1 мај 1995 година под раководство на Фрањо Туѓман на територијата на Западна Славонија која беше во состав на тогашната Република Српска Краина со намера етничко чистења на просторот на западна Славонија. Во време на нападот на подрачјето Западна Славонија беше под заштитита на силите на УН. За само 36 часа протерани се околу 15.000 Срби, 283 се убиени или исчезнати, меѓу кои 57 жени и 9 деца.

[20] **Операцијата Бура** - беше воена акција на Република Хрватска во Август 1995 година. Која имаше за цел завземање на територијата на централна Хрватска која беше под контрола на српските сили. Операцијата званично траеше 4 дена ( 04.08.1995 - 07.08.1995 ) и заврши со пад на Република Српска Краина. Од територијата на РСК која ја завзеде хрватската војска побегнаа преку 250.000 Срби. Хрватскиот генерал кој раководеше со Бура Анте Готовина на 15.04.2011 година во Хаг беше осуден на казна затвор во траење од 24 години, а подоцна во 2012 е ослободен од обвинението.

активно вклучени во подготовките, надзорот и почетокот на операцијата. Оваа операција требаше да биде "брза и ефикасна" и завршена во рок од 5 дена.

Ова претставуваше завршна фаза на воената соработка помеѓу САД и Хрватска. Во 1995 година Клинтон се подготвуваше за нови избори, за кого Балканот станува едно од клучните стратегиски прашања, за понатамошно останување во Белата куќа. Во својата стратегија за разрешување на кризата, американската администрација на чело со Клинтон одлучи да ја помогне хрватската војска за напад на српските сили, поради што е потпишана Сплитската декларација помеѓу Изетбеговиќ и Туѓман, која допушташе влегување на хрватските воени сили под команда на хрватскиот генерал Анте Готовина на територијата на БиХ и содејство со АРБиХ.

За успехот на операцијата беше неопходно хрватските сили да ја освојат планината Динара над Книн и да го ослободат Книн и Краина, понатаму хрватските сили да се префрлат на територијата на БиХ, со што ќе се изврши притисок врз Србите, а воедно и врз Милошевиќ за да го потпише Дејтонскиот договор.

Пред да започне операцијата Бура наспроти Српската војска, Хрватската и Бошњачката војска беа значајно засилени. Во своите состави имаа ново и модерно вооружување и покрај тоа што на сила сеуште беше ембаргото за оружје. Исто така тие имаа и стратегиска предност, линијата на комуникацијата беше многу пократка отколку кај Србите. Пред почетокот на операцијата Хрватските и Муслиманските сили беа здружени и ги завзедоа стратегиските важни краишки градови ( Гламоч, Босанско Грахово и Дрвар) како и долно Ливанско Поле[21] каде мнозинско население беа Срби. Овој потег ја пресече линијата на снабдување на Србите во Хрватска и го опколија градот Книн од три страни. Голем број од Српското население мораше да ги напушти своите домови и да замине во Република Српска и СРЈ.

---

[21] Се наоѓа помеѓу крашките планини Динара и Каменица, има површина од 405 км2

На ден 04.08.1995 во 04,00 часот американските воздухопловни сили започнуваат со бомбардирање на два радари на силите на Србите во Краина, со што имаме видлив пад на моралот кај Српската војска. Акцијата започна со напад на секторите Север и Југ, на фронт долг 700 км. Хрватските сили ги пробија првите линии на одбраната на Србите на 30 тактички правци, во Бјеловарско, Загребачко, Карловачко, Госпиќко и Сплитско подрачје. Длабината на продорот на хрватските вооружени сили беше од 5-15 км. Како голем успех од првиот ден на акцијата хрватската страна го бележи завземањето на Св. Рок. Книн беше во опкружување а Хрватските единици беа неколку километри пред градот. На овие напади Србите одговораат со напад на Сисак, Шибеник, Оточац, Госпиќ и Огулин. Самото гранатирање на градот Книн беше смислен чин на Хрватите за побрзо протерување на Српското население од ова подрачје. Во градот Хрватите имаа улични чистачи со задача од улиците да се тргнат убиените и ранетите Срби пред камерите да го регистрираат триумфот на влезот на хрватските сили во Книн. Сето ова беше внимателно испланирано.

Околу пладне на 05.08.1995 година беше објавена вест дека Хрватските сили влегле во Книн и на Книнската средновековна тврдина е поставено големо знаме на Хрватска. Исто така беа завземени и околните места Врлика, Киево, Дрниш, Житниќ, Бенковац, Грачац, Ловинац, Љубово, Плашки, Примишље и Хрватска Дубица. До вечерта Хрватите остварија 80% од планираното, а српските цивили ги напуштија завземените подрачја преку Срб и Двор.

На 06.08.1995 година I–вата Хрватска Бригада напредуваше до границата со БиХ, каде се спои со силите на АРБиХ во Западна Босна. Хрватските сили се споија со ХВО и со 5-тиот корпус на АРБиХ кај реката Корана[22]. Со тоа беше пресечен стратегискиот правец на Српското снабдување на потегот Книн-Бихаќ. Попладнето во Книн пристигнува и Фрањо Туѓман да ја увеличи победата на хрватската војска во овој дел од Краина.

[22] Река Корана е државна граница помеѓу Хрватска и БиХ

На 07.08.1995 година изутрината Хрватската Војска влегува во Петриња, а вечерта и во Глина. Истиот ден доаѓа и до паѓање на Турањ, Тушиловиќ, Војниќ, Топуско, Горњи и Доњи Лапац.

Во 18,00 часот Хрватскиот министер за одбрана Гојко Шушак објави дека операцијата Бура од воен аспект е завршена, бидејќи поголем дел од границата со БиХ беше под контрола на Хрватите. Во следните неколку дена бележиме предавање на преостанатите Српски дивизии.

По операцијата Бура хрватските власти го затворија подрачјето на поранешна Краина, а влез беше дозволен само на Хрватската војска и полиција како и на Хрватските бегалци од тоа подрачје. Тогаш во Краина започнува минирање и рушење на преостанатите српки куќи како и малтретирање на преостанатото српско население.

Во извештајот на полицијата на UN за подрачјето на Книн е регистрирано дека се пронајдени 128 убиени Српски цивили и 73% од куќите се порушени по доаѓање на хрватските сили на овие простори.

При здружените напади на српските позиции активно учествуваше регуларната војска на Република Хрватска. На фронтот према Краина ангажирани беа пет бригади и три домобрански пука со 30.000 луѓе а во регионот на Посавина беа ангажирани истотака 30.000 војници.

Во оваа операција Хрватските сили ангажираа 138.500 војници, 350 тенкови, 800 артилериски орудија, авиони и хелихоптери, а српската страна околу 31.000 војници, 200 тенкови и 350 арт.орудија.

Хрватската страна имаше 174 загинати и 1.430 ранети, додека српската страна имаше 560 загинати војници, 2.650 загинати цивили, 220.000 бегалци. Автономната област Западна Босна имаше 30.000 бегалци.


Karlovac
Petrinja
Glina
Kostajnica
Dubica
Slunj
Bihac
Gospic
Obrovac
Zadar
Benkovac
Knin
Sibenik
Glamoc
"Tactical Group 3"
B O S N
A N
H E R Z E G

# ГЛАВА II

## 2.Улогата на меѓународната заедница

### 2.1 Интервенција на меѓународната заедница

Од почетокот на судирите и опсадата на Сараево, БХ властите веднаш бараа воена интервенција од меѓународната заедница, која заплетена во интерна политика беше немоќна да завземе јасен и силен став. Како одговор започна масовна организација на доставување на хуманитарна помош и распоредување на УНПРОФОР на просторот на БиХ, како неутрална воена единица на ООН, чиј мандат не беше сосема јасен, освен во тоа да УНПРОФОР не смееше да се меша во воените операции на било која страна нити да користи сила. Западните дипломати со своите ставови и однесување сепак ја разбија "утописката визија" дека решението за војната во БиХ ќе дојде однадвор, што истотака подоцна се испостави за неточно. Западните демократи **Lord Owen** и **Lord Carrington** делумно допринесоа на културата на односите на западот према БиХ, што подразбираше јасна апатија и недостаток на лидерство. Еден од познатите политички но и неуспешни решенија беше тнр.Венс-Овенов мировен договор. Основен проблем за ставот на меѓународната заедница беше неразбирањето за состојбите на теренот и тенденциозната идеологија на српската, хрватската и бошњачката страна. Додека работите во БиХ се решаваа на фронтот, ставот на меѓународната заедница беше за мировно дипломатско решение кое во тоа време претставуваше утопија. Една од најконтроверзните одлуки на ООН беше оснивањето на тнр. "сигурносни зони" Жепа, Сребреница, Горажде и Сараево. Евидентната неможност на меѓународната заедница да ја контролира состојбата на теренот кулминираше со падот на Сребреница и геноцидот во кој беа ликвидирани 8.000 Бошњаци од страна на српските сили. За време додека Сараево беше под "заштита" на ООН како "сигурносна зона" во Сараево се убиени околу 12.000 цивили. Одлучна воена интервенција на меѓународната заедница ( НАТО ), започнува на 30.08.1995 година со бомбардирањето на српските позиции околу Сараево, воената интервенција беше директен одговор на последниот масакар на Сараевските цивили од 25.08.1995 година. Операцијата е наречена намерна сила ( Deliberate Force ), која траеше две недели, што резултира со деблокирање на Сараево на 14.09.1995 година.

## 2.2 Улогата на меѓународната заедница

Обединетите нации во разни ситуации на загрозеност на мирот и безбедноста превзеле и многу други мировни операции, користејќи мировни сили како нова институција што не е експлицитно предвидено со Повелбата.

Тие се прагматично решение, од средината на 50-тите години, во одговор на неуспесите на колективната безбедност. Тие се разместуваат во некоја земја по покана на нејзината влада и треба да се вратат откако владата ќе ја откаже својата согласност.

Мировните сили не обезбедуваат трајно решение на конфликтот. До решение можат да доведат само политичките преговори помеѓу страните во судирот. Мировните операции досега се превземани по пат на воени надгледувачки мисии и со мировни воени сили на ОН.

Уште во време на Студената војна постепено се изградуваа основните принципи на дејствување на мировните сили, кои станаа општо прифатени и се огледаат во:

- претходен прекин на огнот и почитување на примирјето;
- согласност на страните во кризното подрачје каде што се упатуваат;
- немешање во внатрешните работи на земјата во која се упатуваат и се однесуваат непристрасно кон судрените страни;
- трупите се обезбедуваат од земјите членки и се под команда на генералниот секретар;
- минимална употреба на сила ( начелно во самоодбрана);
- колективно финансирање на мировните операции.

По 1988 година основани се 21 мировна мисија. Мировните трупи упатени на просторот на поранешна Југославија во 1992 година се по многу нешта посебен потфат на ОН. Покрај мировните воени сили ( пешадиски единици ), беа упатени цивилни и полициски набљудувачи и воени набљудувачи, а нивниот состав и задачи на теренот се зголемуваа. Трупите беа упатени во држава која постепено се распаѓаше и тие фактички, а подоцна и формално се наоѓаа во три посебни држави (во Хрватска, во БиХ и во Република Македонија).

Етничките конфликти и бруталните убиства на цивили во првите две држави потсетуваа на она со што се беа соочиле мировните сили во Конго во 60-тите години. Како и во Конго, во определени периоди, мировните сили на ОН имаа жртви на неприфатливо високо ниво.

По завршувањето на студената војна, ОН и меѓународната заедница имаа посериозен пристап кон граѓанските војни, кои го одбележаа крајот на 20-тиот век.

Секако, нема сомневање дека во тој временски период постоеше подготвеност за превземање на мировна иницијатива, но истовремено немаше волја во такви акции да се вложат доволно средства, кои би го осигурале трајното завршување на судирите.

Како последица на таквиот однос, мировниот ангажман на ОН, низ најголемиот дел од деведесеттите години се сведуваше на непрестани прокламации од неопходноста за воспоставување на мир и на повремени интервенции во ситуации кои, најчесто, не беа поволни за мировните операции.

На крај, се покажа дека одлучните интервенции за запирање на постстудените судири се превземани само во случаи кога некоја од големите сили би проценила дека продолжувањето на насилството ги загрозува нејзините сигурносни или национални интереси.

Само во таквите случаи беа превземани операции за завршување на конфликтот и истите беа проследени со голема одлучност и средства кои гарантираа дека одреден судир стварно ќе биде сопрен.

Врз основа на анализите од советот за безбедност на ОН од 11.02.2000 година Генералниот секретар на ОН издаде извештај за „улогата на ОН во одржување на мирот за време на разоружување, демобилизација и реинтеграција.

## I.Развој на инволвираноста на ОН во одржување на мир за време на разоружување, демобилизација и реинтеграција.

При цивилни конфликти по студената војна процесот на разоружување, демобилизација и реинтеграција стана една од виталните активности за стабилизација на постконфликтната ситуација.
За да се намали можноста од обновување на насилството, од друга страна да не се повтори конфликтот или бандитството и воспоставување на транзиција на општеството од конфликт во мир и развој.

Понатаму придонесот на разоружување, демобилизација и реинтеграција може да има повеќе симболика и политичка важност, отколку резултатот на активноста во самиот конфликт. Исто така разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата може да биде клуч во доцнењето на довербата помеѓу поранешните фактори и да води кон конфликт.

Како основа за успешен процес на разоружување, демобилизација и реинтеграција е политичката желба на страните за воспоставување на мир.
Политичките лидери мора да градат работни односи преку создавање пријателство и потребни институционални реформи. Широко ангажирање и поддршка на цивилното општество во основа влијае на долги стази од процесот на разоружување, демобилизација и реинтеграција.

## II.Улогата на обединетите нации при поддршка на мирот во разоружувањето опфаќа:

- Градење на доверба;
- Чувство за безбедност;
- Јакнење на силите за разоружување;
- Канализирање – водење на експертиза;
- Криумчарење – нелегална трговија со оружје;
- Разоружување на деца војници;
- Мерки за долготрајно дејство.

## III.Улогата на ОН при поддршка на мирот во демобилизација

Демобилизација се однесува на процесот со кој страните во конфликтот почнуваат да се трансформираат и нивните воени структури и борци започнуваат трансформација во цивилен живот.

Тоа обично подразбира регистрација на поранешни борци и обезбедување на некој вид помош која е потребна на поранешните борци за да можат да си ги задоволат основните потреби за живот.

Тоа може да биде проследено и со вработување во нова унифицирана воена сила.

## IV. Улогата на ОН при поддршка на мирот во реитеграција

Реинтеграција се однесува на процесот кој им овозможува на поранешните борци и нивните семејства да се прилагодат економски и социјално во цивилниот живот.

Тоа обично вклучува пакет на готови пари или во вид на надоместок за обука, работа и генерирање на приходни проекти.

Од овие мерки често зависи ефикасноста врз други претпријатија како што се помош на национално ниво, инфраструктура и реформи за зајакнување на локалните капацитети кои се од клучно значење за долгорочен успех на реинтеграцијата.

## V.Улогата на НАТО И ЗЕУ во поддршка на мировни операции на ОН

Со поморските сили на НАТО и Западноевропската унија, по одлука на Советот за безбедност, за време на конфликтите во Хрватска и БиХ беше извршена блокада во Јадранското Море заради спречување на увоз на оружје во државите произлезени од поранешна СФРЈ.

При распаѓањето на поранешна Југославија, вооружените структури на Српската страна, потпомогнати од тогашната ЈНА, во време од 1991 до крајот на 1992 година запоседнаа околу 1/3 од територијата на Хрватска и речиси 2/3

од територијата на БиХ. Со резолуцијата на Советот за безбедност од 24.02.1992, формирани се мировни сили на ОН, наречени УНПРОФОР[23] односно сили за заштита. Тие сили беа распоредени во повеќе региони во Хрватска и низ БиХ.

Во составот на УНПРОФОР се наоѓаа воени, полициски и цивилни компоненти. Нивната основна функција беше да се обезбеди прекин на вооружените судири, заштита на цивилното население и да вршат набљудувачки активности. Беше предвидено завојуваните вооружени структури, да се повлечат од одредени заштитени зони, просторот да се демилитаризира и да се задржат само локални полициски сили за одржување на јавниот ред и за обезбедување на основните човекови права.

Подоцна мандатот на УНПРОФОР беше проширен со превземање на контрола над аеродромот во Сараево и за обезбедување на коридори за давање хуманитарна помош. Оваа помош се состоеше од обезбедување на средства за живеење, решавање на проблемот со бегалците и бездомниците, како и создавање на други услови за живот ( болници, училишта, итн).

Современиот стратегиски концепт на НАТО ја опфаќа поддршката на ОН, ЕУ и ОЕБС во отстранувањето и спречувањето на кризите.

Во врска со војните во Хрватска и БиХ, НАТО уште во Декември 1992 година изрази готовност да ги поддржи мировните операции на ОН. Така, со поморските сили на НАТО, во придружба на сили на ЗЕУ, вршена е контрола над забранетата зона за летови и давана е непосредна поддршка на УНПРОФОР во БиХ. На 28.02.1994 година авионите на НАТО соборија 4 српски борбени авиони кои летаа преку зоната на забранети летови во БиХ и претставуваше прва борбена акција преземена од НАТО во БиХ.
Потоа се превземени повеќе воздушни напади на цели за заштита на ексклузивната безбедносна зона Сараево, останатите зони за сигурност и други загрозени локации во БиХ, како и за спроведување на хуманитарна помош.

---

[23] Ibid

## 2.3 Дејтонски мировен договор

Дејтонскиот договор или Дејтон претставува правен акт од договорен карактер потпишан на 21. Ноември 1995 година во воената воздушна база Right-Paterson кај Дејтон, во американската држава Охајо.

Цел на договорот беше да се прекине конфликтот во БиХ која траеше од 1992 до 1995 година. Истиот се однесуваше на идното управно и уставно уредување на БиХ.

Договорот претставуваше кулминација на тнр. Шатл (Shuttle) дипломатија која ја отпочна **Richard Hoolbrook** под спонзорство на САД. Шатлот се состоеше од посредничка дипломатија помеѓу завојуваните страни. Поедноставно гледано контакт групата ја имаше улогата на курир и модератор.

Основата на Дејтонскиот договор започнува една година пред завршување на конференцијата. Еден од најосновните принципи на кои се засновуваше Дејтонскиот договор беше поделбата на БиХ по клучот 51 – 49[24]. Покрај многуте усогласени делови од договорот, Дејтонскиот договор имаше за цел да го усогласи договорот за проблематичните прашања и тоа:

**<u>Правни и државни спогодби:</u>**

- признавање на Босна и Херцеговина од страна на соседните држави,
- составот на владата,
- поделба на власта помеѓу државата и ентитетите,
- институции,
- гласање и враќање на бегалците;

**<u>Територијални спогодби:</u>**

- статус и самоодржива деблокада на Сараево,
- коридорот Горажде,
- Посавска територија,
- коридор Брчко и
- Западна Славонија;

[24] ( 51% од територијата на федерацијата БиХ и 49% на Република Српска ), кој го усогласи тнр. контакт група.

Покрај тоа што многу работи беа договорени, Дејтонскиот договор беше прогласен за неуспешен половина час пред затворањето на конференцијата, бидејќи босанската страна не сакаше да ја прифати финалната нагодба. Спогодбата сепак успеа бидејќи во заден час е донесена одлука дека со арбитража ќе се решава во врска со коридорот Брчко, истата ќе се одработи во подоцнежниот период.

Конференцијата траеше од 1.Ноември до 21.Ноември 1995 година. Главни учесници беа Босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ, Српскиот претседател Слободан Милошевиќ, Хрватскиот претседател Фрањо Туѓман, главниот Американски посредник Ричард Холбрук и генералот Весли Кларк.

Договорот званично е потпишан во Париз на 14-ти Декември истата година. Сегашната управна структура на БиХ и составот на владата беа некои од резултатите на договорот.

Кога е потпишан Дејтонскиот мировен договор (**DPA**) главна цел на меѓународната заедница беше окончување на војната: јасни правила за разоружување и демобилизација на огромниот број војници и борци во БиХ не беа вклучени во договорот.

Према проценките на Светската банка, во првите шест месеци по завршувањето на конфликтот (до јуни 1996) околу 300.000 припадници на вооружените сили ги напуштија своите единици.

Не постоеше јасна процедура за разоружување на бившите борци/војници, тоа попрво беше доброволно расформирање на единици отколку организиран програм за демобилизација, разоружување и реинтеграција (**DD&R**). Затоа по „Дејтон" отпуштените војници си одеа во локалните градови и заедници.

За многу од овие поранешни војници, како и за многу цели (**DPA**) на почетокот изгледаше како уште еден договор за привремен прекин на огнот, па поради тоа многу оружје е задржано и сокриено како „животно осигурување" за секој случај доколку судирот повторно почне.

Дејтонска Босна и Херцеговина е необичен компромис кој носи многу проблеми во внатрешната организација на таа земја, но еве веќе 17 години никој не ги решава тие проблеми. Во таа внатрешна организација најголем проблем е муслиманско-хрватската Федерација Босна и Херцеговина. Федерацијата има 10 кантони: Унско-Сански кантон, Посавски, Тузлански, Зеничко-Добојски, Босанско-Подрински, Средно-Босански, Херцеговачко-Неретвански, Западно-Херцеговачки, Кантон Сараево и Кантон број 10. Секој кантон е мини-држава со свој парламент и влада. Тие 10 кантони даваат парламент и влада на Федерацијата, додека во парламентот и владата на Босна и Херцеговина влегува и Република Српска.

Босна и Херцеговина и 17 години после војната, не е самостојна држава и сеуште е инструмент во политичките експерименти на тнр. меѓународна заедница. Со други зборови, Босна и не е држава туку необичен вид колонија, необична поради тоа што не е колонија на една држава туку на неколку држави самонаречени „лидери на светот" и нивните разни центри на моќ, во зависност од денот и нечии потреби. Но сепак Босна, минатите 17 години живееше во мир.

Во последно време може да се забележат обидите да се влоши состојбата во БиХ, што значи да се предизвикаат инциденти, а конфликтот како опција останува во сила. Како и секогаш на Балканот инструкциите и идеите доаѓаат однадвор. Реалноста е големиот број од народите кои живеат во БиХ не сакаат да живеат во БиХ како што е сега. Само Србите имаат признаен ентитет. Република Српска сака да живее во Дејтонска БиХ. Но суштината на проблемот е во тоа што Хрватите и Босанските муслимани не ја сакаат Дејтонска БиХ. Хрватите исто така сакаат етнички ентитет со исти права како што ги има РС. Во многу важни елементи тој ентитет постои но никој до меѓународните фактори и во печатот не го покренува. Хрватите за своите барања за посебен ентитет не зборуваат јавно, поради големиот притисок на Хрватска, бидејќи Загреб сака да стане дел од ЕУ, па не е исправно стратешките планови на Хрватска да ги расипат Херцеговачките Хрвати.

Тоа е основната причина поради која Хрватите во БиХ молчат.

Од друга страна пак лидерите на Босанските муслимани концентрирани во етнички чисто Сараево сакаат централизирана БиХ, со која ќе се управува од Сараево. Со прикривање на вистинските проблеми и со подгревање на анти-српската реторика како ефикасен инструмент не можат да се решат проблемите во БиХ. На пример никој од Запад не реагира на проблемот внесување на екстремен Ислам, исто така никој не реагира и на големата финансиска помош од Хрватска за Босанските Хрвати.

Но, зошто сега некој сака повторно да ја вознемири БиХ и да ја доведе до уште поголеми проблеми, тоа е основното прашање.

Западот сега нема повеќе единствена стратегија по било кое меѓународно прашање. Сега постојат само центри на моќта кои своите интереси ги „ловат" во матно.

Тешко е да се најде правиот одговор, можеби има повеќе.
Повеќето информации водат до прашањето и понатамошно присуство на меѓународната заедница во БиХ и судбината на високиот претставник, кој всушност е врховна власт во таа држава.

Меѓутоа времињата се променети и се повеќе земји во Советот за безбедност се залагаат за примена на мир кој ќе претставува некој вид на контрола на Дејтонска БиХ, со што тие веруваат дека функцијата на високиот претставник треба да се укине, за да и се дозволи на БиХ самостојно да се развива како и да си превземе одговорност за својата судбина.

Тоа претставува комплициран модел кој малку која, дури и богата и развиена земја може да го издржи. Република Српска во внатрешната органиација е поефикасно организирана бидејќи има еден парламент и една влада. Значи пред се неоходно е да се извршат промени во внатрешната структура на Федерација БиХ. Но, тоа би значело рушење на лажниот мит за хрватско-муслиманското пријателство и давање на засебен ентитет на Хрватите. Дејтонскиот мировен договор го запре конфликтот и имаше за цел да ја намали дискриминацијата и ефектите од етничкото чистење, но една од неговите компоненти не може да функционира без целосно функционирање на останатите.

**Дејтонски договор денес:**

Дејтонскиот мировен договор денес по многумина е надминат и го критизираат воглавном сите три босански страни, но сепак службената српска политика од Бања Лука се противи на неговата промена, гледајќи во него рушење на Република Српска, која како поим со договорот е и формално потврдена. Во секојдневниот практичен живот на современа Босна на 21 век видливо е дека Дејтонскиот договор спречува секој и малку смел и пожив напредок на земјата во правец на реинтеграција и реконструкција на граѓанското општество, каква Босна знаеме до 1992 година, а Дејтон делимично се покажува и како пречка на патот на Босна и Херцеговина према евроатланските интеграции, кои предвидуваат ефикасен, поедноставен и транспарентен управен апарат, кој БиХ составена од два ентитета и еден дистрикт , односно со десетина кантони на понатамошно ниво на власта, никако нема да одговара на барањата на ЕУ и НАТО.

Неколкуте интернационални конференции во последните години покажаа на неодрживост на промените на Дејтон, Босна и Херцеговина еден ден ќе премине од тнр.Дејтонска во тнр.Бриселска фаза, фаза на активни Евроатлански интеграции.

**БиХ после Дејтон:**

Дејтонскиот договор[25] ја потврди БиХ како самостојна и суверена држава во Европската фамилија на држави. Према договорот БиХ се состои од две административни единици: Федерација БиХ и Република Српска, како и Брчко дистрикт, кој има посебен статус и не припаѓа на ниту еден ентитет.

Уставот е донесен на темелите на Дејтонскиот договор. По тој устав БиХ е признаена како независна, суверена држава со полн правен субјективитет, втемелена на вредностите на мирот и помирувањето спремна за Евроатлантски интеграции.

[25] Општата рамковна спогодна за мир за БиХ, постигната со активно учество на американската дипломатија во Дејтон. Формално е потпишана воПариз на 12 декември 1995 година.

Се што е наведено во Уставот е пишан документ, но ниту една вредност не дојде до израз поради тоа што БиХ се наоѓа под своеврстен меѓународен протекторат, каде власта ја држи канцеларијата на ОХР (тнр.канцеларија на високиот претставник).

Најголем проблем на денешна БиХ е тоа што има административна регионална поделба, која воопшто не се темели на историски, економски или природни чинители. Така БиХ е управно сочинета од три дела: два ентитета (бошњачко-хрватска) Федерација Босна и Херцеговина (51% територија) и Република Српска (49% територија), како и Брчко дистрикт, кој како управна единица не припаѓа ни на еден од ентитетите.

Брчко дистрикт претставува јазол на двата наведени ентитети и спојува еден од кантоните на Федерацијата со остатокот на тој ентитет, односно Источниот со Западниот дел на РС. Иако 1996 година ентитетите беа потполно етнички автономни, бидејќи ги штитеа само интересите на поедини народи ( ФБиХ ги штитеше интересите само на Бошњаците и Хрватите, но не и на Србите, а РС ги штитеше интересите на Србите, но не и на Бошњаците и Хрватите), денес тие два ентитета се обидуваат да се компензираат колку толку со државниот устав, така да сите три народи се конститутивни во двата ентитета и во Брчко дистрикт.

Во 1998 година високиот претставник избра ново знаме и грб на БиХ и химна која сеуште нема текст.

Најголеми чекори во обединетата држава се направени во монетарната политика, каде е воведена конвертибилна марка како платежно средство во целата држава.

Во владиниот сектор се формирани повеќе министерства, формирана е Управа за индиректно оданочување на ниво на БиХ, со цел единствени даночни закони во цела БиХ. Оформена е единствена војска на ниво на БиХ под име ОСБиХ ( Вооружени сили на БиХ ),а се укинати ентитетските војски.

Во моментот РС ја успорува реформата на ентитетските МВР-а, како и реформите на полицијата во државна полиција оформена по регионални сектори, кои нема да ги следат ентитетските граници.

Ваквата држава нема иднина во Евроатланските интеграции, што е заклучок и на Советот на Европа на една од седниците одржани во Јуни 2006 година, каде е донесен заклучок дека БиХ мора да донесе нов Устав, ако сака да стане политичко-економски дел на Европа.

Исто така, голем проблем на оваа држава е тој што политиката и политичарите работат најмалку за интересот на државата и своите бирачи, што има за последица ниска економска развиеност, корупција, невработеност и сиромаштија.

Денес сите три страни го критикуваат Дејтонскиот договор. Бошњаците-муслимани велат дека немаат резервна држава како што имаат босанските Срби и Хрвати и инсистираат на промена на Дејтон со која би се изградила силна централизирана нација-држава.

Вистина е дека Бошњаците немаат резервна држава, но проблемот е сосема друг, т.е. фактот дека БиХ самата стана резервна држава на муџахедините, во знак на благодарност поради нивниот волонтерски воен ангажман. Одземањето на државјанствата сега е акутно и акцијава е меч со две острици, одбрана од, но и провокација на политичкиот ислам.

## 2.4 Мисија SFOR (сили за стабилизација)

Советот за безбедност на ОН изврши реорганизација и прегрупирање на силите на ОН ( СФОР - сили за стабилизација во БиХ ) .

Поедноставно речено миротворците во БиХ од набљудувачи се трансформираа во миротворци.[26]

Задача на СФОР беше намалување на немирите и стабилизација на мирот, создавање на безбедносно опкружување со континуирано воено присуство во реонот на одговорноста, како и континуирана поддршка од СФОР во клучните области, со вклучување на примарните цивилни организации и постигнување напредок во траење на мирот.

Посакуваната цел на СФОР беше адекватно безбедносно опкружување за континуирана консолидација на мирот без понатамошна помош од водечките НАТО сили во БиХ.

**За реализација на посакуваната цел на СФОР мора да сме сигурни дека:**

- Сите страни ги имаат потпишано и ги почитуваат воените побарувања на Генералниот договор за мир ( ***GFAP*** ),
- Сите страни демонстрираат залагање за континуирано преговарање во решавањето на политичките и воените разлики,
- Развојот на цивилните структури е созреана за прифаќање на одговорностите во согласност со ***GFAP,***
- Услови се создадени за сигурно продолжување на постоечките активности.

***Цели на командантот на SFOR се:***

- Одржување на безбедно и сигурно опкружување,
- Да ја поддржи меѓународната заедница во перфомансите на мандатот на ( **MYRM** ),
- Продолжување во тренингот и реконструкција на вооружените сили на БиХ,
- Брза реакција против институциите и групите кои се против Дејтонскиот договор,

[26] Василевски В:Peace makers/Меѓународно воено право,Скопје,1998 година

- Да се обезбеди флексибилно воено присуство во критичните области.
- Главна цел е да се фокусира на вооружените сили на БиХ, враќање на раселените лица и бегалци и поддршка на „Law Enforcement i Rule of La"

**„Дејтонски мировен договор"**

General Framework Agreement for Peace ( ***GFAP*** ) понекогаш поврзано со Deyton Peace Ageement, обезбедува политичка и легална рамка за СФОР.

Целите на договорот се:

- Обезбедување на безбедно и сигурно опкружување,
- Развој на унифицирана и демократска БиХ,
- Развој на економијата,
- Да овозможи враќање на раселените лица и бегалци во нивните домови.

**Персоналот на НАТО и СФОР:**

- Имуни се на "локалната" јурисдикција,
- Имуни се од апсења и задржувања од локалната полиција,
- Не е потребно да носат пасош,
- Не е потребно да плаќаат данок, царина или казна,
- Имаат слободно и назабрането преминување на границата помеѓу БиХ и Хрватска,
- Војниците на СФОР ќе ги почитуваат локалните закони,
- Војниците на СФОР ќе се воздржуваат од акции кои не се компатибилни со природата на операциите,
- Ако е побарано од локалните власти, војниците на СФОР мора да ги покажуваат своите ID карти,
- Војниците на СФОР мора секогаш да ги носат и заштитат своите ID карти.

# ГЛАВА III

## 3.Разоружување и реинтеграција

### 3.1 Процесот на разоружување во БиХ

Разоружување претставува збир од мерки од политички, воен, економски и правен карактер со цел на ограничување, смалување и укинување на вооружени сили и оружјето на државата.

Прашањето на разоружувањето во меѓународни размери е покренато уште на мировната конференција во Хаг[27] во 1899 година.

Во повелбата на ООН, разоружувањето стана една од битните цели на ОН, формирани се посебни органи на светската организација кои се занимаваат со проблемите на разоружувањето.

Самото разоружување претставува собирање, документирање, контрола и отстранување на малото оружје, муницијата, експлозивите, лесното и тешкото оружје од борците и цивилите. Вклучува и развој на програми за менаџирање со оружјето.[28]

Гледано во светски рамки, проблемот на разоружувањето, контролата и запирањето на пролиферацијата на малокалибарските и лесни оружја, претставува депресивно тежок проблем. За општества што се директно погодени, тоа е и прашање на опстанокот како цивилизирана заедница. Разоружувањето е сложен проблем[29], со кој се соочуваат општества кои излегуваат од период на тешка ( вооружена ) криза, или се обидуваат да го сторат тоа.

Проблемот легитимно може да се анализира низ повеќе призми и тоа:

- како прашање на постконфликтно заздравување и градење на мирот,
- како безбедносен проблем,
- како дел од процесот на декриминализација на општеството или
- како проблем на доминантната култура или "култура на насилството" или "култура на оружјето", итн.

  Прашањето на разоружувањето можеме да го поставиме како услов за демократизација.

---

[27] Социолошки лексикон.(1982): Савремена администрација-Београд, стр.540

[28] United Nations.(1999), "Disarmament Demobilization and Reintegratyion of Ex-Combatants in a Peacekeeping Environment",New York,p.15.

[29] Ванковска Б.(2003):Мултиетнички форум,бр.13,стр.11-12.

Оваа мерка е неопходна да се спречи нов бран на насилство, со сите последици што ги носи било на макро или микро - општествено ниво. Проблемот на разоружување, контролата и запирањето на пролиферација на оружје претставува депресивно тешка задача. Разоружувањето е процес, а не чин. Прашањето на доследно разоружување не е поврзано само со конфликтот и со неговите учесници, туку и со другите симболични видови глорификација на насилството.

Во БиХ прекин на непријателства односно прекин на огнот и примирје имаме по 30.08.1995 година, односно по бомбардирањето на српските позиции од страна на НАТО - силите, по што следи и деблокада на Сараево, немаме званична демобилизација на страните во конфликтот, добар дел од личното вооружување војниците и борците го задржуваат кај себе што е контрапродуктивно за кревкиот мир.

Јасни правила за разоружувањето и демобилизацијата на огромниот број војници и борци во БиХ исто така не беа вклучени во Дејтонскиот мировен договор. 300.000 припадници на вооружените сили до Јуни 1996 година ги напуштаат своите единици, но не постоеше јасна процедура за разоружување на бившите борци-војници.
Тоа попрво беше доброволно расформирање на единици отколку организиран програм за демобилизација, разоружување и реинтеграција.

Најдолг и најактивен програм за собирање на оружје во цела БиХ е од НАТО предводената операција ”Жетва”.

Во 1998 година СФОР ја покрена операцијата „Жетва” како обид за редукција на заостанатото оружје помеѓу цивилното население. СФОР го препозна показателот дека големи количини воен материјал, кој беше во рацете на цивилното население е контрапродуктивно за воспоставување сигурно опкружување во БиХ.

Целокупното оружје соберено под закрила на операцијата „Жетва" подоцна беше уништено. Вкупно, СФОР - овата операција „Жетва" собра огромни количества оружје и тоа:

| | |
|---|---|
| SALW (пиштоли,пушки итн.) | 40 651 |
| Муниција помала од 20мм | 12 753 759 |
| Муниција од 20мм-76мм | 184 779 |
| Муниција поголема од 76мм | 10 581 |
| Гранати | 174 585 |
| Мини | 32 907 |
| Експлозив | 38 976 |
| Друго (минофрлачи,минофрлачки мини, лесни антитенковски ракети, гранати за пушки итн.) | 196 480 |

***Табела: Операција „Жетва" вкупно од 1998 до 29.02.2004 година***

Во БиХ има уште 220 илјади минско експлозивни средства за чие деминирање ќе биде потребно минимум 10 години.[30]

**Илегално оружје:**

Поради очевидни причини многу е тешко да се процени количеството на илегално оружје во сопственост на цивили во БиХ. Војната во 90-тите ја остави земјата со многу поранешни борци, кои никогаш не беа потполно демобилизирани. Многу од поранешните борци задржаа нешто од своето воено вооружување, дури и кога ги напуштија своите единици после „Дејтон".

Друго вооружување цивилите набавија во текот на конфликтот да би ги заштитиле своите фамилии и имотот, а се чини дека мнозинството од оваа вооружување нити е регистрирано, нити е предадено на властите по завршувањето на војната.

[30] slobodnaevropa.org

Покрај оружјето соберено и складиштено од страна на СФОР во операцијата жетва, секој Центар за Јавна Безбедност во Република Српска складира вооружување кое е остаток од конфликтот или го запленила полицијата.

Полицијата во автономниот Дистрикт Брчко заплени вкупно 28 парчиња оружје со долга цев ( воглавно АП[31] ) и 42 парчиња оружје со кратка цев, користено во криминални активности во текот на 2003/04.

Сфор со операцијата Жетва собра повеќе од 40.000 парчиња оружје соберено во 1998 година, како и статистиката за криминалитетот пружа легитимен увид за големината на проблемот. Анкетата од страна на ***BICC***[32] и **CSS**[33] спроведена со 1.000 испитаници покажува дека околу 19% испитаници признаваат дека поседуваат оружје ( поединечно или колективно, како дел од домаќинството) а бројот е поголем помеѓу машките испитаници. Оваа бројка подразбира и регистрирано ( легализирано) и илегално оружје. Врз основа на овие податоци можеме да извлечеме одредени заклучоци во врска со бројот на илегално оружје во БиХ.

---

[31] АП-Автоматска пушка 7,62мм М70 од Југословенско производство

[32] BISS-Бонски меѓународен центар за конверзија, студија за мало и лесно оружје ( SALW) БиХ.

[33] Центар за меѓународни студии

### 3.1.1 Програма “buy – back” на американската амбасада за преносливи противвоздушни системи ( MANDAP )

Во Декември 2002 година, Амбасадата на САД во Сараево, со поддршка на амбасадата на Велика Британија и Канада, покрена иницијатива да се соберат од залихите на ентитетските вооружени сили и уништат – MANDAP проектилите земја – воздух, кои се лансираат од рамо.

Самиот Обид за рушење на израелскиот патнички авион во Најроби во Ноември 2002 година, јасно ја демонстрираше заканата од таквото вооружување и што тоа би претставувало за цивилните авио-превозници, кога би се нашло во погрешни раце.

Према пописот на НАТО – вата “DARE” база на податоци од Септември 2003 година, во комбиниран попис на ентитетските вооружени сили постоеа вкупно 4.749 SA-7 проектили и 43 SA-16 проектили.

Мнозинството од ова вооружување беше под контрола на ВРС.
Владата на БиХ одлучи дека ова вооружување не е повеќе потребно за сигурноста на државата и се сложи да го предаде на мултинационалните бригади на СФОР. Потоа оваа вооружувањето беше уништено на полигоните за уништување, а уништувањето на последните преостанати проектили завршено е на 06.03.2004 година. За возврат, за предавање на ова вооружување, американскиот State Department уплати на владата на БиХ 400.000 USD страна воена помош.

По успешното завршување на оваа иницијатива за разоружување, амбасадата на САД даде слична понуда на ентитетите. Амбасадата понуди средства од страна воена помош во замена за собирање и уништување на вишок SALW од залихите на ентитетските вооружени сили, во просек 5 USD по парче SALW.

Према изјавата на претставникот на американската амбасада, оваа понуда е одбиена како прениска, а ентитетските влади веруваат дека би можеле да добијат повеќе со продажба на вооружувањето.

Во цел на решавање на можноста да MANDAP се наоѓа во илегална цивилна сопственост, амбасадата на САД разгледува да понуди "готовина" како поттик во замена за предавање и уништување на ***SAM*** – системите.

### 3.1.2 Илегални трансфери

И покрај ембаргото кое на регионот го наметна меѓународната заедница, во текот на конфликтот се криумчарени големи количини на оружје во БиХ. Режимот на Милошевиќ им испорачуваше вооружување на Босанските Срби, истотака Хрватска на ХВО и донекаде на ВФ. После конфликтот, некои од патиштата за криумчарење се повторно активирани и денеска на БиХ се гледа како на една од главните транзитни точки за криумчарење на оружје.

Државната гранична служба на БиХ сеуште не ја постигна предвидената сила од околу 2.500 припадници и за сега е проценето дека контролира околу 70-80% од босанската граница.
Према протоколот за одредување на зона на одговорност на граничните премини, ДГС – ( Државна Гранична Служба) е првенствено одговорна за движење на лица преку граница, додека царинските власти се одговорни за контрола на стока на граничните премини. Во склад со овој Протокол, илегалната стока која ќе ја откријат припадниците на ДГС, привремено се запленува до предавање на царинските власти за понатамошна постапка. Према годишниот извештај на ДГС за 2003 година, припадниците на службата имаат запленето 116 парчиња оружје и тоа:

- 15 пиштоли,
- 29 полуавтоматски и други пушки,
- 6 парчиња автоматско оружје,

- 56 парчиња ладно оружје,
- 9 спрееви,
- 1 парче останати видови вооружување.

Покрај ова запленети се 2.434 парчиња разновидна муниција ( вклучувајќи 2.061 парче пушчана муниција) и 1.605 парчиња разни експлозивни и пиротехнички средства( вклучувајќи и 5,4 кг експлозив ).

Понатаму се откриени 2 вреќи пушчана муниција ( непознат број ), 200 парчиња противавионска муниција, 3 гранати за пушка,
1 противтенковска мина и 27 рачни бомби од непознато потекло.

Покрај тоа само една UNMIK – ова заплена на вооружување криумчарено од Босна на Косово во 2001 година, покажува досегашна недоволна контрола и заплена на SALW од страна на ДГС: само во една операција UNMIK има запленето 318 AK-47, 1.008 ракети и 500 гранати.

Британски и шпански новинари имаат пишувано за криумчарење на оружје од страна на босанските Срби кои продаваат вооружување на **IRA** и други терористички организации.
Шпански државјанин бил спречен да направи зделка со 200 AK-47, 75 митралези М-84, 500 пиштоли, 50 снајперски пушки, ТНТ, муниција и 500 гранати.

Претставник на поранешната царинска управа на ФБиХ во еден разговор има изјавено дека во иминатите години управата нема запленето скоро ниту едно оружје на граничните премини во Федерацијата. Директорот истакна дека се има случено да државјанин на САД купи оружје во БиХ без потребна документација.
Претставникот нагласи дека отсуството на запленето илегално оружје не значи и дека немало недозволена трговија со оружје, туку дека поранешните царински власти на Федерацијата го немаат откриено.

Со непотполно покриени граници, недоволно завршена работа на ДГС и со залихи на добро очувано SALW, кој сеуште го поседуваат криминалците или поранешните борци ( расположени да го продадат на пазарот), недозволената трговија со оружје е и понатаму главен проблем за Босна како и за Европа.

Италијанската специјална полиција за борба против мафијата уапси десетици припадници на различни мафијашки групи и заплени поголемо количество оружје, од кое најголемиот дел било прошверцувано од Босна и Херцеговина. При претресот на неколку локации е пронајдено моќно оружје, како што се лансерни уреди за ракети и гранати, зољи, пушки, бомби и друго.
Повеќето од уапсените се припадници на Сицилијанската Коза Ностра и Неаполската Камора, оваа информација загрижувачки и шокантно одекна во БиХ, а јавноста и политичарите се сомневаат дека станува збор за оружје кое требало да биде уништено по војната.

МНР во Сараево испрати инструкции до амбасадорот на БиХ во Рим, да стапи во контакт со надлежните органи во Италија и да воспостави соработка за да се спроведе истрага и утврди вистината од каде и како тоа оружје пристигнало од БиХ во Италија. Факт е дека кај луѓето во БиХ во нелегална сопственост има околу половина милион разно оружје, од различен калибар, рече Бранко Зрно претседател на заедничката комисија за одбрана и безбедност на парламентот на БиХ. Душанка Мајкиќ, заменик–претседател на домот на народите во Парламентот на БиХ, потсетува во повеќе наврати и предупредува дека прашањето за уништувањето на оружје и муниција во БиХ не е решено на соодветен начин, од аспект на злоупотреби.

### 3.1.3 Залихи на SALW во VFBiH

| Вооружување | Сегашна локација | | | | | | | | | | Нова локација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орјани | Семизовац | Ливач | Горажде | Љута | Бутила | Тузла | Травник | Зеница | Вкупно | |
| Мало оружје(АП,митралези, пушки,пиштоли) | 13.662 | 9.750 | 3.155 | 2.454 | 2.508 | 7.187 | 32.303 | 32.303 | 8.330 | 88.326 | **ВИСОКО** |
| 12,7мм Па митралез | 106 | 55 | 21 | 44 | 44 | 80 | 275 | 275 | 89 | 1.004 | |
| РПГ | 805 | 564 | 90 | 200 | 200 | 330 | 1.016 | 1.016 | 89 | 4.167 | |
| Бесповлечен топ | 65 | 25 | 15 | - | - | - | - | - | - | 198 | |
| Минофрлач 60мм | 122 | 122 | 107 | 58 | 58 | 63 | 363 | 363 | 199 | 1.419 | |
| Минофрлач 120мм | 20 | 48 | 24 | - | - | 4 | 47 | 47 | 27 | 188 | |
| Ракетен лансер | 60 | 48 | 6 | 11 | 11 | 16 | 187 | 187 | 95 | 376 | |
| Топ ЗИСС | - | 12 | 9 | - | - | - | - | - | - | 21 | |
| Минофрлач 90 мм | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 1 | |
| Топ 100 мм Т12 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | 2 | |

| Вооружување | Сегашна локација | | | | | | | Нова Локација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орашје | Жепче | Усора | Стојковиќи | Ливно/ Томислав град | Бихаќ | Киселјак | Вкупно | |
| Мало оружје(АП,митралези, пушки,пиштоли) | 3.857 | 1.667 | 558 | 3.244 | 2.754 | 630 | 534 | 13.284 | **МОСТАР** |
| 12,7мм ПА митралез | 27 | 1 | 1 | 2 | - | - | - | 31 | |
| РПГ | 154 | 42 | 22 | 89 | 98 | 23 | 15 | 443 | |
| Бесповлечен топ | 29 | 10 | 8 | 17 | 22 | - | - | 86 | |
| Минофрлач 60мм | 16 | 47 | 10 | 73 | 31 | - | 5 | 182 | |

Извор: потполковник Alves, SFOR JMA презентација “Контрола БиХ вооружување и муниција” на координативен состанок во Сараево 03.12.2003.

Како табелите покажуваат, вооружувањето ВФБиХ најверојатно ќе биде консолидирано во две нови складишта за вооружување, едно во Високо и друго во Мостар. Комбинација од броеви од овие табели за ВФБиХ дава вкупно:

- 101.610 парчиња мало оружје,
- 1.035 противавионски митралези,
- 4.610 ракетни гранати,
- 284 бесповлечни топови,
- 1.601 минофрлач 60мм,
- 1 минофрлач 90мм,
- 188 минофрлачи 120мм,
- 376 ракетни лансери,
- 21 топ ЗИС 76мм,
- 2 топа Т12 100мм.

### 3.1.4 Мерки и методи на практично разоружување во пост-конфликтните ситуации:

а) Собирање, контрола, расклопување и уништување на вооружувањето особено на пешадиското и лесното вооружување и преуредување на воените објекти,

б) Деминирање и други активности околу мините,

в) Демобилизација,

г) Интеграција на поранешни борци,

д) Градење на доверба во пост-конфликтни ситуации,

ѓ) Регионална и интернационална техничка и финансиска помош,

е) Други мерки и методи за контрола,ограничување и разоружување на конвенционално вооружување:

- Национални мерки и
- Регионална и интернационална соработка и транспарентност;

ж) Улога на ООН;

## 3.2 Процесот на реинтеграција во БиХ

Процесот на реинтеграција претставува повторно пронаоѓање на цели и смисол на животот на делимично или потполни нови основи, односно во нови услови. Потребата за реинтеграција настанува поради претходно делување на некои дезинтеграциони процеси или поради нови, врз основа на кои претходната интегрираност не е веќе функционална.

Или може да се дефинира како: Повторно опфаќање или повторно вклучување на некое лице во група или процес нпр. мигрант во друштво на негова/нејзина земја на потекло. Постигнување на одрживо враќање т.е. способност на репатрираните лица да осигураат политички, економски и социјални услови за одржување на нивниот живот, стекнување на доход и достоинство. Социјална работа користи различни методи и техники да им помогне на луѓето поради прифаќање и успешно функционирање во нови услови, со што ефектот на реитеграција се зголемува.[34]

Реинтеграцијата претставува процес кој овозможува на повратниците да поново стекнат своја физичка, социјална и материјална сигурност кои се неопходни за одржување на живот, стекнување на приход и достоинство и кој доведува до снемување на било какви разлики во однос на нивните земјаци.

Истата се однесува и на процес кој овозможува економско и социјално адаптирање на поранешните борци и нивните семејства, во продуктивен цивилен живот. Генерално опфаќа давање на провизија од пари или некоја друга компензација, обука и работни проекти. Овие мерки доста зависат и од низа други фактори особено од нивната ефикасност во однос на другите како што се враќање на бегалците и на внатрешно раселените лица, економски развој на одредена општина на национално ниво, поправка на инфраструктура и институционални реформи.

[34] Видаковиќ И. (1982):Речник социјалног рада,Београд.

Во контекст ќе споменеме неколку индикатори и тоа:

- демографски притисоци,
- нееднаков развој,
- бегалци,
- незадоволство,
- можност за освета од една група на друга,
- до постоење на држава во држава.

Државата нема контрола над сопствената територија, не обезбедува јавни добра на граѓаните и нема една функционална држава заснована на одржлива безбедност.

Под овој термин се смета способност на една држава да мирно ги решава вистинските проблеми без вплеткување на надворешната политика.

Во случајот БиХ, страна сила сеуште е присутна како би се страните држале раздвоено. Од таа гледна точка, БиХ е сеуште на несигурни нозе. Слабите економски услови исто така ја зголемуваат етничката напнатост. Реинтеграцијата е засигурно голем проблем, како и слабиот и спор процес на помирување помеѓу етничките групи, друг голем проблем е корупцијата,
а грижа представува и нееднаквиот развој.

Економскиот развој не е добар, согласно тоа што другите фактори не одат добро. Поради нив нема вложувања, поради нив нема доаѓање на странска индустрија, поради нив е висока стапката на невработеност. Така слабите економски услови истотака ја зголемуваат етничката напнатост.

До полна и стварна реинтеграција на БиХ ќе дојде дури со враќањето на бегалците.

Неправдата направена на луѓето со вцртување на Дејтонската карта никаде не е толку впечатлива како на граничните територии на ФБиХ и српскиот ентитет Република Српска. Политиканското слепило при цртање на картата во некои случаи е толку драстично да довчерашните комшии,

Бошњаци и Срби, се присилени да го напуштаат своето и го приклонуваат комшиското, а сега ни едните ни другите не сакаат да живеат во туѓо. Како на животот на луѓето, картографската стварност има реперкусии и на оживување на стопанството, што е еден од битните елементи за успешна реинтеграција на БиХ.

Упатен е јавен повик на бегалците од БиХ, на раселенети во БиХ за регистрација на пријави од потенцијални корисници во вид на помош за реконструкција и враќање.

Донесени се повеќе подзаконски акти со кои се уредени правата и обврските на бегалците во БиХ и тоа:

- Правилник за идентификациони документи
- Правилник за социјална заштита
- Правилник за матични книги
- Правилник за образование
- Правилник за работа
- Правилник за патна исправа и
- Правилник за здравствена заштита

Советот на министри на БиХ на последната седница усвои Стратегија за реинтеграција на повратници по основа на договорот за реадмисија, со кое министерството за човекови права и бегалци на БиХ ја исполни и последната обврска од картата на патот за либерализација на визниот режим на граѓаните на БиХ.

Исто така имаме програма за решавање на проблемите на бегалците и раселените лица.

### 3.2.1 Основни цели поставени со оваа програма се:

- продолжување на обновата и реконструкцијата на станбените единици и инфраструктура за бегалците,

- раселени лица и повратници во Република Српска и Федерација БиХ,

- обезбедување на сите видови алтернативно сместување за фамилии кои на тоа имаат право,

- продолжување со трајно збринување на лица корисници на алтернативно сместување, а посебно корисници на колективен вид на алтернативно сместување,

- обезбедување на здравствено осигурување за фамилии од категорија бегалци, раселени лица и повратници, а кои не се осигурани нити по кој друг основ.

- обезбедување на реинтеграција низ стимулација на траен економски одржив повраток и заштита на правата на оваа категорија,

- продолжување на решавање на статусните прашања на раселените лица,

- продолжување на соработка со здруженија кои работат на брзо решавање на раселените лица и повратници.

### 3.2.2 Враќање во БиХ, реинтеграција и иднина на државата

Сто осумдесет илјади лица раселени внатре во БиХ и 400.000 нејзини граѓани кои сега живеат во четириесетина земји од светот, сеуште не го искористија правото на повраток.

Во периодот од 1992 – 1995 година, приближно 2,3 милиони луѓе беа приморани да ги напуштат своите домови. Статистиката говори, а податокот соопштен и на првиот конгрес на бегалци и раселени лица од БиХ, одржан на 27.06.2007 година, дека од потпишувањето на Дејтонскиот договор до сега во БиХ се вратија близу милион луѓе.

Ова се податоци од владините званичници ( БиХ ).

Интересот за враќање во БиХ не опаѓа, судејќи по бројот на поднесени барања за регистрирање на потенцијални корисници на помош на основа на јавниот повик на Министерството за човекови права и бегалци. Станува збор за повеќе од 40.000 фамилии, односно околу 135.000 луѓе кои сакаат да се вратат во своите домови.

Процесот на враќање на имотот и станарското право реализиран е во висок процент: 99,7%. Према службените показатели, во БиХ од вкупно близу 445.000 потполно срушени или девастирани станбени единици, обновени се близу 226.000 или 45%, према статистички податоци, состојбата на теренот сепак зборува поинаку. Не постои ни приближно точна евиденција за продаден или заменет имот, кој е вратен во посед на поранешните сопственици или носители на станарско право.

Дел од нив во поранешните места на живеење навраќа дури во време на летните одмори.

Каква е денес положбата на повратниците во БиХ, без обзир на нивната национамност? Може ли да се даде генерална оценка на процесот кој е заправо клуч на реинтеграцијата на БиХ?

Владините извештаи, најчесто преку ресорните министерства, даваат преовладувачка оптимистичка слика, но и детектираат одредени проблеми од објективна или субјективна природа, кога процесот на враќање е во прашање.

Така Сафет Халиловиќ, министер за бегалци во Совет на министри на БиХ, вели:

„ Во министерството за човекови права и бегалци во последните месеци имаме извршено цел низ на разговори со претставниците на различни институции и организации, пробавме да ги анимираме да помогнат на повратниците бидејќи средствата предвидени во буџетите на сите нивоа во нашата земја не се доволни за реализација на повраток, на што ние во повеќе наврати ја предупредивме јавноста.

Ние направивме детална анализа на состојбата во областа на повратокот, со финансиска проценка за секоја општина. Свесни сме дека во наредните 3-4 години мораме максимално да се ангажираме како би можеле да обезбедиме повраток на секое лице кое тоа го сака.

Свесни сме истотака дека тоа не е нималку лесна работа. Сакам да потсетам дека ние имаме стратегија за реализација на анекс VII од Дејтонскиот договор, како еден од клучните документи во делување на Министерството и Советот на министри во оваа област од фондот".

Понатаму, министерот Халиловиќ прво ги наведува статистичките податоци за процесот на повраток и продолжува:

„ Најслаби резултати од вкупниот процес на повраток и реинтеграција се остварени всушност на овој план. Во сложена уставоправна ситуација поделбата на надлежноста и финансирањето,

каква е денес во нашата земја, доста е тешко да се направат прогресивни чекори, кои би воделе кон едно системско решение околу прашањето за право на здравство, школство, социјална заштита, вработување, деминирање итн, што претставуваат елементи на одржив повраток".

Представник на UNHCR за БиХ *James Lynch* истакнува дека е многу постигнато во областа на повраток и одржив опстанок во БиХ, но и понатаму е потребно да се вложуваат напори во повраток на раселени лица, посебно на збринување на луѓе од колективни центри.

Од друга страна, извештајот на Хелшинскиот комитет за човекови права во БиХ, чиј значаен дел се однесува на процесот на повраток во БиХ, дава прилично поинаква слика:

„ Во 2006 година малцинскиот повраток готово и го немаше, никој збирно не се позанимавал со анализа на бројот на повратници, како и со продадената или заменета недвижнина, при обиколка на повратничките населби и градови може да се утврди дека повеќе од 50% во сопственост на вратените станови, куќи и поседи, некој вид на купопродажни или заменски договори ги променил сопствениците, а барем уште 30% се во процес на продажба или се користат само преку викенд. Предмет на продажба се и некои штотуку обновени објекти со средства од повратнички фондови.

Слаби се резултатите во спроведувањето на Анексот 7 во 2006 година, додатно ја оптеретува неретката појава да оние кои се вратија пред година или повеќе, сега поради неодрживиот повраток пак некои луѓе би тргнале таму каде мислат дека можат да преживеат.

### 3.2.3 Одрживост на повраток како клучен збор во послевоена БиХ

Према официјалните статистички податоци, нешто од помалку од половината лица кои од 1992 до 1995 година ги напуштија своите домови, денес спаѓаат во категорија на повратници.

Готово 600.000 луѓе не успеаа да се вратат во предвоените домови, но покажуваат интерес за тоа.

Тоа се должи на лимитираниот број на извори и варијации во проценките и податоците ( зависно од изворот ), тешко е да се даде конечен суд за тоа колкав е процентот на овие луѓе што стварно го организирал својот живот во потполност во предвоените домови, а колку од нив дури фиктивно спаѓаат во повратници. Сепак, оние кои вистински се вратија во своите домови, без обзир на националната припадност и географско подрачје во кое живеат, делат иста или слична приказна и секојдневие, животни проблеми на обичните луѓе.

Би можеле да констатираме дека „повраток" беше клучен збор непосредно по потпишувањето на Дејтонскиот договор.

Денес, седумнаесет години подоцна, се чини дека тој збор е повеќекратно проширен. Не се зборува само за повратокот како таков ( во смисол на број на оние кои се враќаат на предвоените огништа ), туку, пред се за одрживоста на повраток ( во смисла на ситуација која повратниците ја затекнуваат на терен и која им овозможува или оневозможува трајно останување во нивните домови.

Одрживоста на повраток претставува показател за можноста од полна реинтеграција на Босна и Херцеговина, но и последично нејзина интеграција во Европската Унија.

Иако од официјалните извори доаѓаат различни дефиниции и интерпретации на самиот термин „одрживост на повраток", можеме да тргнеме од претпоставката за тоа кои се предуслови се нужни како би бегалците и раселените лица воопшто размислиле за враќање во своите домови, како и во нив да градат и планираат иднина за себе и своите деца, најдобар одговор ќе можат да дадат самите повратници.

Во разговор со повратниците, но и со представниците ( владини и невладини ), институции и организации кои им пружаат ( или би требало да им пружаат ) поддршка, заклучивме дека на прво место е сигурноста, како еден од детерминирачките причини поради кои ова население ги напушташе селата и градовите во текот или непосредно по војната.

Поедноставно речено, сите оние кои беа ( или се сеуште ) бегалци или раселени лица, пред се требаат гаранции дека подрачјето во кое сакаат и планираат да се вратат е безбедно за нив и нивните фамилиии, дека нема на тоа подрачје да затекнат состојба и ситуација која ги одведе во други делови на БиХ и светот.

Понатаму, не е доволно само да им се осигура на повратниците безбедно опкружување и кров над глава. Она што тие го бараат и се обидуваат за себе да го создадат кога ќе дојдат во своите домови е и економската сигурност, во смисол на вработување и самовработување. Воената ситуација, но и транзицијата на сопстненичите односи во претпријатијата и фабриките во кои денешните повратници некогаш работеа, направи да за многу од нив денеска нема работни места, иако имаше до 1992 година. Бројот на новите работни места отворени по конфликтот е значително помал од вистинските потреби на повратниците, а во некои подрачја сеуште постои и проблемот за неподготвеност на работодавачите за вработување на повратници, посебно ако се тие малцинства.

Врз основа на тоа за голем дел на повратници земјоделското производство е еден од главните извори на приходи, но во тој сегмент е потребна помош при набавка на механизација, добиток, а во некои подрачја дури и деминирање на обработливи земјоделски површини.

Во контекстот на вработувањето, треба да се напомене како е за повратниците доста битно да во локалните заедници во кои се вратија добијат можност за вработување во јавните претпријатија. Тоа е непосредно поврзано со нивното право на учество во локалната самоуправа.

Имено, за повратниците е значајна можноста за учество во донесување на политички одлуки на локално ниво, како и можноста за лобирање, односно ставање на дневен ред на политички, економски и социјални проблеми кои се од важност за секојдневниот повратнички живот.

Во која мера е тоа на повратниците во БиХ овозможено, тешко е прецизно да се каже, пак поради недостаток на сигурни статистички податоци, но е факт дека бројни повратнички населби се соочуваат со проблеми кои властите готово ги сметаат за решени. Едно од нив е секако прашањето на социјална и здравствена заштита на повратниците, клучно право кое повратниците често со тешкотии го остваруваат.

Неретко повратниците во РС остваруваат право на социјална и здравствена заштита во Федерација БиХ и обратно, а бројни се и повратничките населби, особено оние рурални во кои не постои никаква инфраструктура за здравствена заштита, па на пример дежурни лекари од блиските поголеми градови ги обиколуваат периодично или се приморани за лекарска услуга да патуваат во поголемите градови.

Прашањето на образованието и правото на културна посебност на повратници во БиХ е за жал политичко, а понекогаш доста исполитизирано. Бројни се проблемите со кои се соочуваат повратниците кога треба да им се овозможи образование на нивните деца: од недостаток на ифраструктура – порушени школски згради или променета нивна намена, одржување на настава само за ученици до четврто одделение, по што децата треба да патуваат во поодалечени места итн.

Преку прашањето на наставните планови и програми по кои се изведува настава во училиштата, непостоечки или неодговарачки уџебници и наставен кадар, па се до ситуација во која училиштата во повратничките населби не работат, бидејќи бројот на деца кои во нив би требала да слушаат настава е често едно или две.

Всушност прашањето на образование е едно од клучните прашања на одржлив повраток, бидејќи неможноста од пружање на образовни и културни услуги често ги определува бегалците и раселените да останат во градовите во кои стигнале по војната, па на повраток се одлучуваат само постари луѓе.

Тоа за одржлив повраток практично значи дека селата и градовите од кои е поголем бројот на раселени, во иднина воопшто нема да имаат жители. Односно демографската слика на градовите и селата во БиХ од темел се менува во однос на онаа од 1991 година.

Причината за тие промени несомнено се сите горенаведени фактори, но доколку е акцентот на повраток и иднина на БиХ, во целина за младите луѓе, обезбедување на правото на образование за сите и на целото подрачје на државата, би морало да биде еден од приоритетите.

Сите наведени проблеми и нерешени прашања на повратниците, можеме да ги именуваме како индикатори или фактори на одрживост на повраток, настојувајќи да сугерираме како без обзир на статистички податоци кои понекогаш нудат оптимистичка перспектива, властите во БиХ како и сите невладини организации кои се занимаваат со пружање на поддршка на повратниците, мораат да поведат повеќе сметка за нивното решавање.

При тоа е неопходен поширок ангажман на целата општествена заедница за потребите и проблемите на повратниците, бидејќи повратниците живеат со проблеми секојдневно, а не само тогаш кога ги посетуваат делагации кои се во минување или посета, или кога ги посетуваат медии.

На ниво на донесувач на политичка одлука нужен е координиран пристап како би се избегнало дуплирање на активностите, односно креирање на своеврсна стратегија, обезбедување на услови за вистински одржлив повраток а не привидна, исто така како и во случајот медии и општество потребен е континуитет во следење на повраток и живеење во повратнички подрачја.

Иако можеби звучи како фраза, повратничките грижи и проблеми се и мораат да бидат проблем на државата и општеството БиХ, а не само проблеми на оние кои беа доволно смели, доволно носталгични и доволно определени да своите животи ги наставaт на подрачја на кои пред седумнаесет години заврши конфликтот.

## 3.3 Последици – проблеми од конфликтот, разоружувањето и реинтеграцијата

XVII години по завршувањето на судирот во БиХ последиците од конфликтот можат да се забележат во сите слоеви на општеството. Грубо сите последици- проблеми можат да се поделат на :

а) Демографски последици – измени настанати со внатрешни и надворешни миграции ( алтернативно преселување на предвоеното население на БиХ ).

б) Економски последици – измени настанати внатре во економските текови на БиХ кои настанаа како последица на воените дејствија и дивата економија во годините после завршувањето на судирот. Помош е потребна во економскиот развој, таа е всушност најпотребна во цел на етничко помирување.[35]

в) Политички последици – измени во административната структура на БиХ кои се случија како резултат на Дејтонскиот мировен договор.

г) Недостига реформирана државна полиција.

д) Вишок на оружје.

ѓ) Илегално оружје.

е) Препораки за идните програми за разоружување.

ж) Децентрализација на одговорност.

з) Подобрување на контрола на границите.

ѕ) Улогата на меѓународната заедница и др.

По завршувањето на војната меѓународната заедница одреди највисок орган на БиХ, а тоа е високиот претставник за БиХ, кој го поставуваат западните сили, а кој го потврдува Советот за безбедност на ОН.

[35] voa.htm

Првобитната намера беше да се укине оваа позиција во 2008 година, меѓутоа истата е продолжена на неодредено време додека БиХ не биде мирна, стабилна држава на пат кон Европската интеграција.

Иднината на државата поделена на два ентитета со сопствен парламент и претседател, втемелена со Дејтонскиот договор е во прашање поради националните тензии кои не се смируваат, како и поради фактот дека мнозинството Хрвати и Срби својата иднина ја гледаат во Хрватска и Србија а не во БиХ.

Од друга страна државјаните на БиХ кои дојдоа во Западна Европа како воени бегалци или веднаш по војната, масовно се одрекнуваат од државјанството како би добиле австриско, германско или некое друго, додека доста е мал бројот на протерани кои се враќаат во своите села и градови.

Се вкупно по службените податоци од 2,2 милиони бегалци се смета дека 1 026 692 се вратиле во БиХ, од кои 467 297 се вратиле во ентитет каде се малцинство и тоа: 274 965 се вратило во ФБиХ,170 237 во РС и 22 095 во Дистрикт Брчко.

Денешната национална слика на подрачјето на РС може да ни ја покаже градот Фоча познат по геноцидот над Бошњаците во 1992 година. Пред војната во градот живееја 22 500 Бошњаци, а сега ги има само 4 000.

По конфликтите во Југославија 14 650 луѓе се водат за исчезнати.

Според податоците на црвениот крст се уште не се расфетлени судбините на околу 14.650 луѓе.

Од нив, најголем број – 10.500 се исчезнати во Босна и Херцеговина, 2.436 во Хрватска,1.842 лица во Косово.

Меѓународниот комитет на Црвениот крст поради тоа апелираше до властите во регионот да му дадат приоритет на расветлувањето на судбините на исчезнатите, по кои и понатаму се трага. Според бројките со кои располага организацијата, за време на конфликтите во поранешна Југославија загинале 140 илјади луѓе.

Според податоците за здруженијата на семејствата на исчезнатите, од вкупниот број исчезнати лица се уште е непозната судбината на 4.418 Срби, од кои во БиХ 1.756, во Хрватска 2.130 и на Косово 532.

Шефот на регионалната канцеларија на Меѓународниот комитет на Црвениот крст Пол Анри Арни изјави дека ниту семејствата, ниту оваа хуманитарна организација „ не се задоволни од динамиката на решавање на случаите со исчезнатите " за време на оружените судири во Западен Балкан.

Разожувањето не е завршено во целост, сеуште постои нелегално оружје кај поранешните борци и криминалци. Оружјето кое не беше уништено по конфликтот во БиХ подоцна го среќаваме како трансфер на нелегално оружје и муниција на Косово, кон Балканските земји и во Италија.

Реинтеграцијата е процес кој не е до крај реализиран во БиХ.
Повратокот е реализиран половично или во БиХ се вратија нешто повеќе од милион луѓе. Уште најмалку 40.000 фамилии или 150.000 лица чекаат на обнова и повраток.

Во сложена уставноправна ситуација поделбата на надлежноста и финансирањето, каква е денес во БиХ, доста е тешко да се направат напредни чекори, кои би воделе кон едно системско решение околу прашањето за право на здравство, школство, социјална заштита, вработување, деминирање итн, што претставуваат елементи на одржив повраток.

## 3.4 Пост-конфликтна правда

Кога насилниот конфликт се наоѓа во фазата на решавање, кога во тој политички процес страните меѓусебно се приспособуваат, треба да постои јасна претстава кај страните и кај посредниците, за т.н. пост-конфликтна правда.

Основни елементи на пост-конфликтната правда се следните:

а) јавната безбедност како непосредна пост-конфликтна цел,

б) рехабилитација на судскиот систем,

в) основање казнени системи, вклучително сигурни и функционални затвори;

Функциите на примена на правото во земјата во која имало конфликт неопходно е да се извршуваат преку јавната безбедност од страна на владата на таа земја.

Во БиХ секоја од трите страни имаше востановено свои институции.

Осомничените за воени злосторства, геноцид и злосторства против хуманоста, треба да бидат изведени пред лицето на правдата, без што изгледите за траен мир и за национално помирување битно ќе се намалат.

Пожелно е да се создаде механизам што ќе ја координира вкупната пост-конфликтна меѓународна помош за цивилната полиција, судската рехабилитација и затворската администрација.[36]

Со формирањето на Меѓународниот суд во Хаг, за воени злосторства извршени во поранешна Југославија, меѓународната заедница демонстрира единство како никогаш порано, во осудата на извршителите на кривичните дела и на нивните инспиратори.

Во ООН е на повидок донесување на соодветно решение за основање на Меѓународен кривичен суд кој постојано би функционирал како редовен и независен суд, за судење на кривични дела од повреди на меѓународното

---

[36] Ортаковски В. (1999): Глава IV, Завршување на конфликтот,Разрешување и трансформација на конфликтите,Македонска Ризница,Куманово

воено право, кој веројатно би судел врз основа на меѓународен кривичен законик и во посебна кривична постапка.

Со самото постоење на таков меѓународен суд, би се остварувало сериозно предупредување и значајно превентивно дејство за спречување на повреди на правилата на меѓународното воено право.

За да не се повторат вооружени судири со сурови последици, какви што беа предизвикани во судирите во Хрватска и БиХ, од аспект на меѓународно воено право, императивно е потребно да се извршат следните две мерки од превентивен карактер: прво, изведување на сите злосторници пред Меѓународниот суд во Хаг и второ, уште во мирно време, да се врши што пошироко запознавање на цивилното население и обучување на припадниците на вооружените сили за коректно спроведување на правилата на меѓународното воено право.

Во 1993 година Советот за безбедност на ОН основа Меѓународен суд за воени злосторства сторени во поранешна Југославија по 1991 година. Донесен е Статут на Судот како најважен процедурален акт за неговата работа, Судот има седиште во Хаг.

Хашкиот трибунал е специфицен со тоа што е основан за судење на воени злосторства извршени на определен регион и во вооружени судири кои не беа завршени. Пред судот на одговорност се повикуваат злосторници од сите страни на вооружениот судир, без оглед на тоа дали се победници или победени.

Самото формирање на Судот оствари значително превентивно дејство, бидејќи меѓународната заедница навреме ги предупреди завојуваните страни дека секој ќе биде казнет за извршените злосторства.

Воените злосторници од судирите во поранешна Југославија, барем привремено се наоѓаат на сигурно во своите “матични” држави.

Сепак, Меѓународниот суд во Хаг функционира во интерес на враќањето на мирот и довербата меѓу луѓето во регионот.

Посебна карактеристика на воените кривични дела претставува нивната тежина , што се изразува со мошне строгите казни кои се предвидени за сторителите на кривични дела геноцид и воени злосторства.

За овие дела по правило се казнува со затвор најмалку од 10 години или со доживотен затвор.

Покрај тоа, за овие кривични дела, како што беше наведено, исклучена е застареноста на кривичното гонење и на извршувањето на казната.

Согласно со Дополнителниот Протокол I од 1977 (член 90 ), Советот за безбедност на ОН во 1991 година формира маѓународна комисија на експерти на ОН со задача за обезбедување и анализирање на податоци и докази за кршењето на меѓународното хуманитарно воено право во регионот на поранешна Југославија.

До 1995 година обезбедени се околу 50.000 податоци за разни воени злосторства, сторени во судирите во Босна и Хрватска.

Утврдено е дека постојат околу 150 масовни гробници во кои се закопани по неколку стотици трупови. Се дојде до сознание за постоење на околу 900 затворенички логори во регионот и за околу 90 злосторнички паравоени групи.

Убиени се над 200.000 луѓе. Од своите домови, со методи на етничко чистење, протерани се 2-3 милиони луѓе.

Силувани се над 50.000 жени. Истите се соочуваат со неказнетите силувачи и немаат безбедност[37]

---

[37] Према тврдењата на Amnesty International(AI)

## 3.5 Улогата на медиумите во известувањето за конфликтните настани, разоружувањето и реинтеграцијата

Денес сме сведоци дека моќните медиумски центри се инструменти на милитарни, политички и на економски сили.

Известувачите се под влијание да го оправдаат насилството заради одржување на законот и редот. Најчесто известувачите од воените жаришта се платени од моќна агенција за известување и мора да ја застапуваат нејзината политика во милитарна интервенција. Со тоа стануваат *слепи* за конфликтот, не можат да го опишат, а ја губат и довербата на јавноста и другите страни во конфликтот.

Националните медиуми имаат тенденција да бидат на страна на политиката на сопствената земја, да разделуваат, драматизираат, за конфликтите да известуваат како за *нашите добри* против *нивните лоши.*[38]

Наместо длабински анализи на контекстот на меѓународниот конфликт, информациите во медиумите се свртени кон епизодни и фрагментарни настани, обично најдраматични моменти кои ги оставаат настрана причините и последиците.

Ваквите готови информации, преземени од западните медиуми, ја опсипуваат јавноста со стереотипи за народите во конфликтот. Србите агресори, Бошњаците жртви, а западните сили се хуманитарци кои одат во ризик штитејќи ги жртвите.

На новинарот од Балканот можеби му е тешко да биде објективен, но тој е одговорен да го ублажи, смири и разреши конфликтот. Тој треба да го ублажи и спречи социјалното насилство преку дискусија, процена и општа мобилизираност, да ги идентификува структурните и културните причини за конфликтот.

---

[38] Мурџева Шкариќ О.(2007): Ненасилна трансформација на конфликти/Филозофски Факултет – Скопје

Тој има задача и да го расфетли уделот на западниот империјализам кој ги поттикнува и продлабочува разидувањата, ги отвора историските рани, ја зајакнува едната страна ( освен со најсовремено оружје и со најсовремени електронски медиуми), а другата страна ја уништува целосно ако му противречи.

Поради разликите меѓу луѓето ќе има конфликти додека постои човештвото. Суштински тие можат да бидат предизвик за развој тогаш кога со нив ќе умееме да се справиме уште во самиот почеток преку дијалог: внатрешните конфликти принудуваат на преиспитување на самите себе и на лично усовршување.

Проблем настанува кога конфликтот ќе прерасне во неразумни и емоционални реакции на разликите.

Прашање е како да се известува за конфликтот: како да се анализира, коментира и интерпретира потенцијалниот или актуелниот конфликт, па дури и да се разрешува преку средствата за масовна комуникација.

Со текот на ескалацијата на кризата, постепена партикулизација на територијата на Југословенската Федерација продуцираше исто така голем број различни медиумски простори. Слично на злоупотребата на мулти-партиската демократија во практиката, така и пролиферацијата на медиумските простори не значеше интензивирање на комуникациите, туку фрагментација и градење ѕидови на недоразбирања, страв и омраза.

Според некои интелектуалци, неколкудецениската "тишина на омразата" беше заменета со "говор на омразата".[39] Аналогно и неколку деценискиот Југословенски "прекин на огнот" наскоро се претвори во отворен насилен конфликт. Бизарно, но демократизацијата претставуваше моментум за етнонационалистичката идеологија преку очигледна злоупотреба на демократските процедури и принципи, вклучувајќи ја и слободата на говорот, информациите и медиумите. Наместо гласот на граѓаните да се слушне преку медиумите, еден вид на "народна револуција", или поточно популизам се случи на полето на медиумите[40].

---

[39] Пуховски Ж. (1999 ) "Тишина мржње" Медијуми и рат, Београд.
[40] Павичевиќ Ѓ, Политички дискурс:Медијуми и комуникација,стр.87-108.

Медиумите не ги започнаа конфликтите, но изгледаше дека силно ги поддржаа (со неколку чесни исклучоци). Тие придонесоа за емоционализација на јавниот живот, така сосема елиминирајќи го вистинското значење на објективното новинарство. Уште полошо, тие ја елиминираат потребата политичката власт да биде предмет на јавна контрола. Напротив, медиумите, како и бројни интелектуалци, поединечно, ги поддржаа националистичките елити, па дури и им помогнаа да дојдат на власт. "Војната" на медиумите претходеше на конфликтот меѓу ЈНА и републички паравоени сили. Голем дел од медиумите за своја цел ја имаа ЈНА заради тоа што како институција таа беше перцепирана како симбол на Југословенството (покрај нејзината улога на бранител на социјализмот). Истовремено ЈНА реагираше жестоко на секоја јавна критика. Нејзината "одбрана" беше самоидентификацијата со вредностите што требаше да ги заштити и симболизира. Така, повиците за транспарентност и јавна одговорност беа квалификувани како непатриотски во некои делови од Југославија, додека во други беше сосема обратно.

Медиумската страна на приказната, пак, би била некомплетна ако не ги земе во предвид меѓународните медиуми и нивното влијание без преседан врз динамиката на конфликтите и зголемената можност да се манипулира со меѓународниот имиџ на една земја. т.н. CNN-ефект, на пример, послужи како ефикасен катализатор на интервенционистичката политика на Западот во однос на конфликтите на Балканот ( посебно Босна ).

Битна е улогата на медиумите во известувањето за разоружувањето во БиХ, каде ги среќавање самите медиуму на терен при заплена на нелегално оружје, негово уништување како и деминирање на теренот.
Тие се непристрасни и објективни во своето известување.

Исто така тие ги следат настаните и даваат свој придонес за процесот на реинтеграција на бегалците, раселените лица, повратокот, вселувањето во обновените куќи и објекти за колективно домување и самото општество во целина.

## ***К Р А Т Е Н К И***

ABiH – Армија на Босна и Херцеговина

BICC – Бонски меѓународен центар за конверзија

BiH – Босна и Херцеговина

COMSFOR – Командант на СФОР

CP – Цивилна заштита

CSS – Центар за меѓународни студии

DD&R – Разоружување, демобилизација и реинтеграција

DPA – Дејтонски мировен договор

DRC – Комисија за реформа на одбраната

EUPM- Полициска мисија на ЕУ во БиХ

HVO – Хрватско собрание за одбрана (вијеќе обране)

IISS – Меѓународен институт за стратегиски студии

IPTF – Меѓународни полициски сили

JNA – Југословенска Народна Армија

LSMS – Босанскохерцеговачка агенција за статистика

MANDAP – Поединечен преносен противвоздушен систем

MNB (N) - Мултинационална бригада ( север )

MNB (NW) – Мултинационална бригада ( северозапад )

MNB- Мултинационална бригада

MoD – Министерство за одбрана

MUP – Министерство за внатрешни работи

NATO – Северноатлански Сојуз

OHR – Канцеларија на високиот претставник во БиХ

OSCE – Организација за сигурност и соработка во Европа

PSC – Центар за јавна сигурност

PSYOPS – Психолошки операции

RS – Република Српска

SALW – Мало оружје и лесно вооружување

SEECAC – Институт на Југоисточна Европа за контрола на **SALW**

SFOR – Сили за стабилизација во БиХ

MIB – Марецо индекс Босна

SFRY- Социјалистичка Федеративна Република Југославија

TDF – Сили на територијална одбрана

UNDP – Развоен програм на ОН

NUS – Неексплодирани убојни средства

VFBiH – Војска на Федерацијата БиХ

VRS – Војска на Република Српска

WDA – Светски алманах на одбраната

WSS – Складиште за вооружување

AI – Амнести Интернатионал

***Прилози:***

## БРОЈ НА ЖРТВИ

**Прилог бр.1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно 93.837 | Бошњаци | 63.687 | 67,9% |
| | Срби | 24.216 | 25,8% |
| | Хрвати | 5.057 | 5,4% |
| | Останати | 877 | 0,9% |
| Вкупно цивили 34.610 | Бошњаци | 30.514 | 88,2% |
| | Хрвати | 2.076 | 5,9% |
| | Срби | 1.973 | 5,7% |
| | Останати | 47 | 0,2% |
| Вкупно војници 54.223 | Бошњаци | 30.173 | 55,6% |
| | Срби | 21.399 | 39,5% |
| | Хрвати | 2.619 | 4,8% |
| | Останати | 32 | 0.1% |
| Неутврдено | 4.000 | | |

## ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕ 1991 ГОДИНА

**Прилог бр.2**

| | |
|---|---|
| Вкупно население | 4.354.911 |
| Бошњаци | 1.902.869 или 43,7% |
| Срби | 1.364.363 или 31,3% |
| Хрвати | 752.068 или 17,3% |
| Други нации и Југословени | 7,7% |
| Бошњаци | Мнозинство во 45 општини (во 31 апсолутно) |
| Срби | Мнозинство во 34 општини (во 29 апсолутно) |
| Хрвати | Мнозинство во 20 општини (во 14 апсолутно) |

# ВКУПНО ПРИЈАВЕНО ОРУЖЈЕ

**Прилог бр.3**

| Население | Број на парчиња оружје |
|---|---|
| 92.500 Бошњаци | 110.400 |
| 131.900 Срби | 157.200 |
| 43.000 Хрвати | 51.800 |

# СТРАНИ ВО СУДИРОТ

**Прилог бр.4**

| | |
|---|---|
| **Босна и Херцеговина** | Армија на Република Босна и Херцеговина (АРБиХ)<br>Министерство за внатрешни работи на БиХ (МУП БиХ)<br>Територијална одбрана (ТО)<br>Хрватски Одбранбени сили (ХОС) (до убиство на Блаж Кралјевиќ)<br>Невладини сили: Зелени беретки, Патриотска лига |
| **Србија и Црна Гора (Република Српска, Република Српска Крајина)** | Југословенска Народна Армија (ЈНА)<br>Војска на Република Српска (ВРС)<br>Паравоени формации: Арканови Тигрови, Бели Орлови, Шкорпиони |
| **Хрватска (Херцег-Босна)** | Хрватско вијеќе обране (ХВО)<br>Хрватска војска (ХВ) |
| **Автономна покраина Западна Босна** | Народна Одбрана на Западна Босна (НОЗБ)<br>Паравоена формација: Абдиќеви доброволци |
| **УНПРОФОР** | |
| **НАТО** | |

Прилог бр.5

| Нациоанален состав на населението на град Сараево, по општини, према пописот од 1991 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **вкупно** | **Бошњаци** | **Срби** | **Југословени** | **Хрвати** | **останати** |
| Центар | 79,286 | 39,761 (50.14%) | 16,631 (20.97%) | 13,030 (16.43%) | 5,428 (6.84%) | 4,436 (5.59%) |
| Хаџиќи | 24,200 | 15,392 (63.60%) | 6,362 (26.28%) | 841 (3.47%) | 746 (3.08%) | 859 (3.54%) |
| Илиџа | 67,937 | 29,337 (43.18%) | 25,029 (36.84%) | 5,181 (7.62%) | 6,934 (10.20%) | 1,456 (2.14%) |
| Илијаш | 25,184 | 10,585 (42.03%) | 11,325 (44.96%) | 1,167 (4.63%) | 1,736 (6.89%) | 371 (1.47%) |
| Нови Град | 136,616 | 69,430 (50.82%) | 37,591 (27.51%) | 15,580 (11.40%) | 8,889 (6.50%) | 5,126 (3.75%) |
| Ново Сараево | 95,089 | 33,902 (35.65%) | 32,899 (34.59%) | 15,099 (15.87%) | 8,798 (9.25%) | 4,391 (4.61%) |
| Пале | 16,355 | 4,364 (26.68%) | 11,284 (68.99%) | 396 (2.42%) | 129 (0.78%) | 182 (1.11%) |
| Стари Град | 50,744 | 39,410 (77.66%) | 5,150 (10.14%) | 3,374 (6.64%) | 1,126 (2.21%) | 1,684 (3.31%) |
| Трново | 6,991 | 4,790 (68.81%) | 2,059 (29.45%) | 72 (1.02%) | 16 (0.22%) | 54 (0.77%) |
| Вогошќа | 24,647 | 12,499 (50.71%) | 8,813 (35.75%) | 1,730 (7.01%) | 1,071 (4.34%) | 534 (2.16%) |
| **Вкупно** | 527,049 | 259,470 (49.23%) | 157,143 (29.81%) | 56,470 (10.71%) | 34,873 (6.61%) | 19,093 (3.62%) |

**Прилог бр.6**


BOSNIA AND HERZEGOVINA
CROATIA
SERBIA
VOJVODINA
REPUBLIKA SRPSKA
BOSNIAC-CROAT-FEDERATION
CROATIA
MONTENEGRO
ADRIATIC SEA
ALBANIA
Sarajevo
Banja Luka
Mostar
Zenica
Tuzla
Bihać
Dubrovnik
Split
Podgorica
National capital
Town, village
Airport
International boundary
Inter-entity boundary line
Republic boundary
Autonomous province boundary
Main road
Secondary road
Railroad

# Заклучок

Конфликтот како сенка го следи човекот во текот на целиот период на историскиот развој, од најстари времиња па се до денес. Конфликтите и нивната разорна моќ ја одбележуваат епохата на современата човекова цивилизација, наплатувајќи го секојдневно огромниот данок во крв.[41]

Внатрешните состојби коишто во Југославија претставуваа можен генератор на конфликти, долги години во периодот на Студената војна беа потиснувани. Како резултат на внатрешните состојби, новите односи и старите придружени содржини, во Југославија се случија национализам, етнички судири и конфликти. Со распадот на СФРЈ и вооружените судири кои тој распад го следеа, БиХ иако меѓународно признаена уште во 1992 година, беше изложена на долготрајни процеси кои доведоа до потполна поделба на земјата: политичко-административна, духовна, војна и економска, што резултираше со граѓански конфликти со катастрофални последици.

Во Историјата е докажано дека и најкрвавите конфликти биле разрешени со договор помеѓу завојуваните страни што не е исклучок и за БиХ, каде мирот е воспоставен со интервенција на меѓународната заедница и договор на учесниците во конфликтот. Градењето на мирот започнува по завршувањето на конфликтот т.е по Дејтонскиот мировен договор и претставува позитивно, постојано, кооперативно човеково настојување да се градат мостови помеѓу спротивставени народи и групи, цел е да се воспостави разбирање и соработка, да се отстрани недовербата, стравот и омразата.

Мировните трупи упатени на просторот на поранешна Југославија во 1992 година се по многу нешта посебен потфат[42] на ОН. Покрај мировните воени сили ( пешадиски единици ), беа упатени цивилни полициски набљудувачи и воени набљудувачи, а нивниот состав и задачи на теренот се зголемуваа. Трупите беа упатени во држава која постепено се распаѓаше, тие фактички, а подоцна и формално се наоѓаа во три посебни држави ( во Хрватска, Босна и Херцеговина и во Република Македонија).

---

[41] Котовчевски М. (2000): Национална безбедност на РМ втор дел, Македонска Цивилизација,стр.19

[42] Ортаковски В. (1999): Разрешување и трансформација на конфликтите,1998 година стр.295-296

Етничките конфликти и бруталните убиства на цивили во првите две држави потсетуваа на она со што се беа соочиле мировните сили во Конго во 60-тите години на минатиот век. Како и во Конго, во определени периоди, мировните сили на ОН имаа жртви на неприфатливо високо ниво. **UNPROFOR** во Босна и Херцеговина претставуваше прва хуманитарна (humanitarian aid) операција авторизирана од ОН.

По интервенцијата на меѓународната заедница и отпочнување на преговорите помеѓу завојуваните страни многу важен процес за мирот и стабилноста претставуваше процесот на разоружување.
Најдолг и најактивен програм за собирање на оружје во цела БиХ е операцијата "Жетва" предводена од НАТО. Во операцијата Жетва се соберени повеќе од 40.000 парчиња оружје во 1998 година. Целокупното оружје соберено под закрила на операцијата „Жетва" подоцна беше уништено. Во БиХ има уште 220 илјади минско експлозивни средства чие деминирање сеуште трае. Се претпоставува дека во БиХ сеуште има околу 400 илјади парчиња нелегално оружје, а силите на СФОР во двете акции собраа значителна количина на оружје, експлозиви и муниција. Проблемот на нелегалното оружје во БиХ се смета дека е најсложен во регионот.

Паролата за изградба на функционална БиХ е се поактуелна. Но каква е таа функционална БиХ? Седумнаесет години од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, враќањето на бегалците и раселените во БиХ не е завршено, а оние кои се вратија немаат основни услови за живот. Во текот на воените дејствија земјата ја напуштија 2 200 000 луѓе или околу половина од населението. Најголем успех е постигнат во враќањето на куќи и станови, што не значи дека и луѓето се вратија. Повратокот е остварен половично или во БиХ се вратија нешто повеќе од милион луѓе.
Уште најмалку 40.000 фамилии или 150.000 лица чекаат на обнова и повраток според министерството за човекови права и бегалци.

Тоа подразбира големи материјални средства, преку милијарда марки, од кои 600 милиони за обнова на куќите, остатокот за одрживост на повраток, инфраструктура итн. Од 450.000 разрушени домови, обновени се 325.000 до сега. Меѓу повратниците владее голема сиромаштија и се соочени со проблеми:

- едвај 1% од повратниците е вработен,
- 2.000 повратнички куќи немаат електрична енергија,
- околу 7.000 луѓе сеуште се сместени во колективни центри.

Од аспект на човекови права не задоволува здравството, школството, вработувањето, односот на локалната самоуправа према бегалците и раселените лица и друго. Повратниците станаа најсиромашен дел од населението на БиХ. Исто така не е исполнета условно кажано повисоката цел на Дејтонскиот мировен договор – реинтеграцијата на државата БиХ, обнова на нејзиниот мултиетнички карактер, враќање на соседската доверба.

Политичките и меѓуетничките поделби во БиХ се поголеми дури и од воените години, разликата е во тоа што немаме физички судири и немаме војна. Според документите "Ревидирана стратегија за спроведување на Анекс 7" која ја има усвоено парламентот на БиХ во 2011 година, повратокот треба да биде завршен во 2014 година.
Во локалните политички пејсажи на БиХ, за жал сеуште нема зрел политички плурализам. Има плурализам на национализми. Наместо политика на дијалог, политика на судири. Земјата нема ниту индустриска ниту економска политика. Единственото богатство што БиХ го има се луѓето.

Иднината на државата поделена на два ентитета со сопствен парламент и претседател, втемелена со Дејтонскиот договор е во прашање поради националните тензии кои не се смируваат, како и поради фактот дека мнозинството Хрвати и Срби својата иднина ја гледаат во Хрватска и Србија а не во БиХ. Осомничените за воени злосторства, геноцид и злосторства против хуманоста во БиХ, се изведуваат пред лицето на

правдата во судот во Хаг, а доколку тоа не се случеше изгледите за траен мир и за национално помирување битно ќе беа намалени.

Медиумите не го започнаа конфликтот, но изгледаше дека силно го поддржаа. Тие придонесоа за емоционализација на јавниот живот, така сосема елиминирајќи го вистинското значење на објективното новинарство. Уште полошо, тие ја елиминираа потребата политичката власт да биде предмет на јавна контрола. Напротив, медиумите, како и бројни интелектуалци, поединечно, ги поддржаа националистичките елити, па дури и им помогнаа да дојдат на власт.

Денеска БиХ на симболичко ниво се вбројува со земјите Бијафра, Либан и Камбоџа, каде во долготрајните конфликти потполно е отфрлена општествената структура, променета етничка слика, уништена економска основна држава, се во изразито свирепи воени дејствија, водени со несофистицирано оружје со мала прецизност но со голема разорна моќ, со големи цивилни жртви, кои најчесто беа нишанска мета на воените напади, а не случајни жртви.

Несреќата и злото се најчеста асоцијација за конфликтот во БиХ, тоа подразбира: етничко чистење, масовни гробници, цивилни жртви, силување, урбицид, средновековни опсади, суровост, хуманитарна катастрофа, немоќ на меѓународната заедница, омраза (национална и верска), како и се до денес раширена флоскула за "судир на цивилизации". Не е едноставно да се прифати решавање на локална војна со вооружена интервенција на ОН. Меѓутоа катастрофалните последици од таквите мали војни не дозволуваат друга солуција, за да се спречи меѓусебното уништување на народите и загрозувањето на меѓународниот мир.

Конфликтот во БиХ во основа се водеше за завземање на територии, кои потоа етнички се чистеа, со протерување или физичка ликвидација на луѓе од друга нација или религија. Конфликтот заврши без победник, сите се поразени страни, најмногу настрада цивилното население, покрај регуларните војски и разни националистички паравоени формации учествуваа и платеници, во овие судири правилата на меѓународното воено

право не се почитувани од сите завојувани страни. Конфликтните настани посебно покажаа дека *ниеден сйор не е решен со уйотреба на сила.*

Балканот и денеска претставува крстосница на разни големодржавни проекции со територијални претензии во сите насоки, за создавање на етнички чисти и големи држави. За остварување на такви големодржавни проекти, ќе биде потребно војување против сите правила на меѓународното воено право: убивање заробени и ранети борци, масовно протерување или физичка ликвидација на цивилното население, огромни материјални разурнувања и загадувања на природната околина.

Вооружените судири на Балканот од 1991 до 1995 година укажуваат на реалната опасност од нов вид конфликти, профилирани од позиција на големодржавните воени доктрини. Подготовките за овој вид конфликти започнуваат со тотална шовинистичка индоктринација на сопствениот народ, програмирана од страна на „големи" национални водачи и идеолози, кај кои освојувањето или задржувањето на власта е предоминантно во однос на прокламираните национални интереси.

# Библиографија


1. Ангелоска-Галевска Н. (2005):Планирање на научно истражување, Скопје.

2. Атанасовски Т. ( 1996 ): Пулсот на војната – загубениот мир - воени анализи, студии и коментари,Скопје

3.Беговиќ А. ( 1989 ):Концепција и систем ОНО и ДСЗ, Пословна политика, Београд

4. Burton. J .(1969): Conflict and Communication, Macmilan, London.

5. Dadli Viks (1998): Разрешување на конфликти, BCM, FF – Skopje.

6. Дејтонски мировен договор - (1995).

7. Долничар И .(1976): Спрега на надворешниот и внатрешниот непријател во водење на специјална војна против нашата земја.

8.Димишковски С. ( 1996 ) : Основите на одбранбената политика, стратегија и доктрина, Скопје.

9. Георгиева Л. (2006): Менаџирање на ризици.

10. Георгиева Л. (2007): Творење на мирот, Скопје.

11.Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л. (2000): Разрешување и Трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово.

12. Група автори (1999): Современа Македонска Одбрана

**13. Гучетиќ Г. (1972):Меѓународно правна заштита учесника у унутрашњем оружаном сукобу, Анали правног факултета у Београду,бр.1-3.**

**14.Котовчески М. (1999): Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност.**

**15.Меѓународен комитет на црвениот крст/19, Правила на однесување на борците avenue de la Paix CH-1202 GENEVA, Switzerland.**

**16.Мултиетнички форум - Ноември( 2003).**

**17. Miall H.At.all. (2003): Contemporary Conflikt Resolution, Polity Press.**

**18.Михајловиќ В. ( 1984 ): Пропаганда и рат, ВИЗ Београд.**

**19. Нацев З. Котовчески М. (2003): Дефендологија, Куманово.**

**20. Ортаковски В. ( 1998): Малцинствата на балканот, Скопје.**

**21. Петроска В. Дешка. (1995): Конфликти што предствауваат и како се разрешуваат, Скопје.**

**22. Прописи о примени правила меѓународног ратног права у оружаним снагама СФР Ј- (1988).**

**23.Социолошки лексикон, (1982):"Савремена Администрација", Београд**

**24.Списание Одбрана,(2005):бр.116, Улогата на НАТО во процесот на создавање решенија.**

**25. Старчевиќ М. ( 1991 ): Репресалије у оружаном сукобу, ВИЗ, Београд.**

**26.Студија о малом оружју и лаком наоружању ( SALW-A ), БиХ .**

**27.Сун-Цу-Ву ( 1952 ):Вештина ратовања, ВИЗ, Београд.**

**28.The United Nations, Disarmament Yearbook, (2000): New York.**

**29.Шабани А. (2005): Трансформација на конфликтите и постконфликтното градење на мирот во Македонија, Скопје година.**

**30. Шаулиќ М.(1965): НХБ оружје и заштита, Белград.**

**31. Шкариќ М. Олга. Ненасилна трансформација на конфликти.**

**32. Шкариќ М. Олга. ( 1996 ): Помирување и трансформација на хроничните конфликти, годишен зборник на Филозофкиот Факултет, Скопје.**

**33.Виенски договор за преговорите околу мерките за изградба на доверба и безбедност - (1999).**

**34. Видаковиќ И.(1982): Речник социјалног рада,Београд.**

**35.Воен билтен, (2005): Војна и достоинство.**

**36.Воена Енциклопедија ( 1973 ): ВИЗ, Београд.**

**37. Воислав В. (1998): Меѓународно воено право, Скопје.**

**38.Војни лексикон ( 1983 ) ВИЗ, Београд.**

**39. Wiberg H. (1993): Europien Peace research in the 1990 s.**

**40. Женевски конвенции и дополнителни протоколи ( 1994 ),Скопје.**

## ИНТЕРНЕТ:


1.http://www.morm.gov.mk

2.http://hr/bs.wikipedia.org/wiki/

3.http://www.camo.ch/pocetak agresije na bih.htm

4.http:www.sipri.org

5.http:www.dadalos.com

6.www.dtic.mil/bosnia

7.en.wikipedia.org/wiki/sfor

8.odci.dov/cia/publication/flactbook

9.www.eusrbih/org

10.www.hg.nato.int.sfor

11.ditterentia-nis.org/forum

12.fes.org.mk

13.slobodnaevropa.org

14.voa.htm

15.www.plbih.org

16.www.bhdani.com/arhiva

17.www.kanal5.com.mk

18.www.friendsofbosnia.org/edu bos.html

19.www.izacic.de

20.www.dw.de